# ESG ИЗВЕШТАЈ 2023

TITAN USJE





# ESG ИЗВЕШТАЈ

(ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ВО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ПРИДОНЕС КОН ОПШТЕСТВОТО И КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ)

# 2023

TITAN USJE

## За ESG извештајот за 2023 година

Извештајот за 2023 година за резултатите во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување на УСЈЕ, се однесува на периодот од 1 јануари до 31 декември 2023 (во понатамошниот текст именуван како „Извештајот“).

Извештајот е подготвен во насока на исполнување на барањата и очекувањата на засегнатите страни на УСЈЕ во однос на областите за заштита на животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување (ESG). УСЈЕ има постигнато усогласеност со пристапот и стандардите на Групацијата ТИТАН во врска со следење, известување и проверка на објавените податоци во Извештајот, а во однос на работењето и успешноста.

Почнувајќи од 2009 година, УСЈЕ доброволно се залага за објава на годишните резултати во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување и за поврзување со материјалните прашања на засегнатите страни.

Вкупниот број директни вработени, како и податоците за резултатите во областа на здравјето и безбедноста при работа во овој Извештај се однесуваат на Цементарница УСЈЕ АД Скопје и Опалит ДООЕЛ. Сите останати информации содржани во Извештајот се однесуваат само на Цементарница УСЈЕ АД Скопје.

Сите наши извештаи се објавуваат на веб-страницата www.usje.mk.

# Содржина

**2023-та во кратки црти** 6

**Порака од Главниот извршен директор во 2023** 8

**Интервју со идниот Главен извршен директор** 9

**Преглед** 10

За Групацијата ТИТАН

За УСЈЕ

**Извештај за корпоративното работење** 28

**Изјава за корпоративно управување**

**Преглед на резултатите во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување**

Декарбонизација и дигитализација

Работно опкружување што овозможува раст

Позитивно локално влијание

Одговорно управување со ресурсите

Добро управување, транспарентност и деловна етика

**ESG известување**

Десетте начела на Глобалниот договор на Обединетите нации

**Финансиски показатели**

**Извештај на независниот ревизор и финансиски извештаи**

**Поимник**

# 2023-та во кратки црти

## Финансиски резултати

Приходи

**6.051 милиони МКД**

EBITDA

**1.910 милиони МКД**

Нето-добивка по оданочување

**1.509 милиони МКД**

Вкупен износ на средства

**6.410 милиони МКД**

Капитални расходи

**563 милиони МКД**

## ESG податоци

Вработени
(состојба на 31 декември 2023)

**237**

Нови вработувања во 2023 година

**31**

Зелени инвестиции

**18,5 милиони МКД**

Часови обука за безбедност
и здравје по вработен

**26**

Стапка на зачестеност на
изгубено време поради повреда

**2,34**



# Порака од Главниот извршен директор во 2023

## Почитувани партнери,

Нестабилните економски и политички околности продолжија и во 2023 година, соочувајќи ги со предизвици граѓаните, компаниите и општествата низ светот. Не беше лесно да се движиме и да се пробиваме низ овие „непознати води“. Сепак, ова ја потврди способноста на нашата компанија да се приспособи и да работи во вонредни услови, што ни помогна да постигнеме значајни достигнувања и да ја завршиме годината со позитивни резултати.

Во 2023 година, побарувачката за цемент на домашниот и на странските пазари се стабилизираше, а ние продолживме да нудиме висококвалитетни и сигурни производи и решенија за нашите купувачи, заедно со детална техничка поддршка. Нашето портфолио на производи содржи еко-цементи со помала количина на клинкер, што придонесува за намалување на емисиите на $CO_2$. Во 2023 година, еко-цементите на база на пуцолани беа едни од најпродаваните, што претставува важен факт за нас, имајќи предвид дека декарбонизацијата е една од главните цели на Цементарница УСЈЕ и на Групацијата ТИТАН. Реафирмирајќи ги управувањето со животната средина и заштитата на природните ресурси како едни од нашите врвни приоритети, ја пуштивме во употреба фотоволтаичната централа со инсталирана моќност од 3 MWp. Предвидено е со овој голем проект во Цементарница УСЈЕ да се замени околу 10 % од дневната потрошувачка на електрична енергија на фабриката со обновлива енергија. Воедно, во тек сме и со дигиталната трансформација преку дигитализација на нашите процеси што се однесуваат на купувачите, како и на внатрешните процеси. На тој начин не само што го подобруваме искуството на купувачите, туку истовремено значително ги зголемуваме транспарентноста и ефикасноста, што, пак, исто така доведува до придобивки за животната средина.

Успешно имплементиравме иновативно решение што е осмислено да го оптимизира процесот на товарење на камиони, како и врвно решение за управување со компаниските ресурси, со цел да се поедностават и да се поврзат сите деловни процеси.

Цврсто сме убедени дека нашиот одржлив раст зависи од ангажманот, постигнувањата и посветеноста на нашите вработени, па во таа насока продолживме со нашите програми за обезбедување на нивната добросостојба, професионален развој и вклучување, како и безбедни и здрави работни услови и инклузивна работна средина. Особено го признаваме и го вреднуваме придонесот на нашите вработени за постигнување конзистентни резултати во една ваква година исполнета со предизвици. Тие остануваат наш непроценлив капитал за остварување на амбициозните планови и обезбедување стабилна иднина за компанијата.

Вклучувањето во нашата заедница и придонесот за нејзината одржливост, беа постигнати со спроведување различни проекти и партнерства со засегнатите страни, по пат на поттикнување и овозможување позитивни промени во заедницата. Нашиот ангажман во ваквите активности ја нагласи нашата корпоративна одговорност и позитивно влијание во различните сегменти на општеството, вклучувајќи ги младите, образованието, здравството, како и поддршката на граѓанските организации.

Сите достигнувања и активности на компанијата се спроведуваат во согласност со Целите за одржлив развој на Обединетите нации, кои се важна водечка рамка за нашата компанија во однос на планирањето и одлучувањето. Покрај тоа, сите наши активности и одлуки се темелат на нашите клучни начела за интегритет, транспарентност и деловна етика.

Иако бевме соочени со најразлични предизвици и пречки што беа тест за нашата сила и истрајност, нашата компанија уште еднаш покажа исклучителна способност за справување со предизвиците, со што дополнително ја потврдивме нашата позиција како силен и стабилен лидер на пазарот кому нашите партнери, купувачи и вработени може да му веруваат и на кого може да се потпрат. Ќе продолжиме да работиме на зацврстување и понатамошно подобрување на нашите способности и капацитети за брзо приспособување на секоја промена и надминување какви било неповолни околности, заштитувајќи ја долгорочно нашата позиција како стабилна, сигурна, модерна и еколошки свесна компанија.



**Борис Хрисафов**
Главен извршен директор

**Борис Хрисафов**
Главен извршен директор



# Интервју со идниот Главен извршен директор

**Вие станавте дел од ТИТАН УСЈЕ во февруари 2024 година. Кои се вашите први впечатоци и идни деловни перспективи?**

Драго ми е што сум дел од Цементарница УСЈЕ, која и покрај турбулентните пазарни околности во последните неколку години, постигна неверојатни резултати во 2023 година. Следејќи ја стратегијата на Групацијата ТИТАН, УСЈЕ се фокусира на постигнување оперативна извонредност во сите сегменти од нашето работење, вклучувајќи ги и перформансите во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување, како и на остварување на целите за 2025 година и понатаму. Затоа, заложбите на УСЈЕ ќе продолжат да бидат насочени кон остварување одлични резултати кога станува збор за животната средина, општественото влијание и доброто управување.

**Кои се плановите на УСЈЕ за да го одржи балансот за исполнување на целите на одржливост и истовремено да ја зачува конкурентноста на пазарот?**

Со оглед на тоа што климатските промени се највисок приоритет на глобално ниво, нашиот придонес кон нивното ублажување е одразен во нашите активности за декарбонизација. Во оваа смисла, нашата компанија ќе продолжи да го проширува портфолиото на еко-цемент и да ги удвојува напорите за унапредување на енергетската ефикасност, за зголемување на употребата на обновливи извори на енергија и за намалување на емисиите на стакленички гасови. Овие заложби ќе вклучуваат создавање силни врски со нашите деловни партнери и добавувачи, како и со институциите и локалната заедница.

**Гледајќи кон иднината, кои се вашите цели и заложби?**

Нашето внимание и понатаму ќе биде насочено кон дигитализацијата како еден од клучните двигатели за раст, поголема продуктивност и сигурност, а по пат на примена на дигитални решенија за модернизација и надградба на внатрешните процеси, како и искуствата на купувачите.
Ќе продолжиме да функционираме во сложеното регулаторно опкружување и да се приспособуваме на променливите пазарни услови. Сепак, ќе останеме посветени на постигнувањето одржлив развој на нашата компанија. Ова може да го постигнеме единствено преку искрена и блиска соработка со сите наши партнери за да обезбедиме заемна поддршка и заеднички напредок, како и со спроведување активности и проекти од значење за нашата компанија, за националната економија и за општеството како целина.
Гледајќи кон иднината, нашата цел е да продолжиме со градењето силни тимови, да одржиме профитабилен раст и да прераснеме во една од најбезбедните, корисничко-ориентирани, иновативни и зелени компании во индустријата за градежни материјали.

**Константинос Николаоу**
Главен извршен директор





**Константинос Николаоу**
Главен извршен директор



# Преглед



# За Групацијата ТИТАН

## Нашиот пристап кон променливото опкружување

„ОДРЖЛИВОСТА КАКО ОСНОВА ЗАЕДНО ДА ИЗГРАДИМЕ ПОДОБАР СВЕТ“

**Со 120 години искуство во индустријата и заложба за одржлив развој, ТИТАН опслужува купувачи во 25 држави преку својата мрежа на повеќе од 200 оперативни локации распределени на четири континенти, вклучувајќи рудници, погони за готов бетон, терминали и други производствени и дистрибутивни капацитети. Во свет на растечка комплексност, ние се приспособуваме и се развиваме за да им излеземе во пресрет на потребите на општеството, а истовремено придонесувајќи за одржливиот развој со одговорност и интегритет.**



## Основите на побарувачката за градежни материјали и решенија остануваат цврсти

Населението и урбанизацијата се во пораст, што доведува до поголема побарувачка за домување и инфраструктура. Имаме оперативна можност да им помогнеме на нашите купувачи да градат со забрзано темпо со нашите иновативни и одржливи градежни решенија.

## Ублажувањето на климатските промени и недостигот на ресурси бараат промена кон одржливи решенија



Ние го развиваме нашето портфолио на производи за да одговориме на еколошките предизвици. Преминувајќи кон поодржливи решенија за градба со помала количина јаглерод и циркуларни градежни решенија, им помагаме на нашите купувачи да градат поодржливо. На овој начин, ги исполнуваме нашите амбициозни, научно засновани цели за спречување на климатските промени (1,5°C), за свет со нето-нула, свет позитивен за природата.



## Иновативно управување со таленти за да се искористат можностите во светот што се менува

Ги градиме нашите таленти и способностите на нашата организација за да ги искористиме сите можности сега и во иднина. Со зајакнување и оспособување на нашите тимови, им овозможуваме да дејствуваат со својот целосен потенцијал и им помагаме да растат заедно со ТИТАН на безбедно, здраво, инклузивно и фер работно место.

## Очекувањата на купувачите ги поттикнуваат иновациите на производите



Со нашата стратегија за иновации насочена кон купувачите, го развиваме нашиот бизнис на постојните и на новите пазари низ синџирот на градежната вредност. Соработката со нашите купувачи од раните фази на дизајн ни помага да ги разбереме нивните потреби и да им понудиме иновативни производи и услуги, како и врвни решенија засновани на вештачка интелигенција за врвна ефикасност и уште подобро искуство.



## Урбанизацијата бара заедници што се зелени, безбедни, отпорни и здрави за сите




Холистички ѝ пристапуваме на одржливоста во и надвор од нашата компанија. Покрај тоа што обезбедуваме позелено портфолио на производи со супериорни еколошки резултати во текот на целиот животен циклус – од суровините до крајните купувачи – ние постојано ги подобруваме нашите резултати во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување во согласност со Целите за одржлив развој на ОН. Во исто време ги охрабруваме нашите партнери во синџирот на набавки да ги исполнат нашите стандарди за добавувачи што се однесуваат на одржливоста и на животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување.

# Нашата стратегија е фокусирана на:
## Обезбедување зелен раст

**Преку нашата стратегија која е фокусирана кон купувачите, се стремиме да прераснеме во водечки производител на одржливи градежни материјали и решенија секаде каде што делуваме, обезбедувајќи долгорочна вредност за засегнатите страни и придонесувајќи за побезбеден, поодржлив и посреќен свет.**

Во текот на 120-годишната историја, Групацијата ТИТАН изгради цврсти позиции на пазарот, со интегрирани деловни активности кои се поддржани од силна мрежа на трговски врски и од локални ресурси што овозможуваат врвна услуга за купувачите. Во услови на глобална определба за нето-нула емисии, ТИТАН ги користи предностите што ги овозможуваат уникатните регионални трендови на пазарите каде што е присутен. Балансирајќи го специфичниот збир на производи и способности, ТИТАН е во одлична позиција да ги користи новите можности за развој.
Групацијата ТИТАН е решена да ја спроведе својата стратегија ориентирана кон развој, која се фокусира на обезбедување оперативна извонредност, декарбонизација на своето портфолио и имплементација на најсовремени дигитални технологии, истовремено обезбедувајќи врвно искуство за купувачите за најдобро да се одговори на нивните потреби што постојано еволуираат со уникатни градежни материјали.

### Декарбонизација

Се залагаме за развој со трансформирање на нашето работење, сосредоточувајќи се на отпорноста и на иновациите како средство за поефикасно опслужување на нашите купувачи движејќи се кон јаглеродно неутрален свет. Нашата стратегија за декарбонизација опфаќа сеопфатна низа инструменти за намалување на емисиите од производството на цемент, а притоа обезбедувајќи иновативни производи за нашите купувачи, со што ќе се задоволат нивните потреби за издржливи и трајни градежни материјали со искористување на моќта на единствените капацитети и компетенции на Групацијата.

### Дигитализација

Ние сме меѓу предводниците во нашиот сектор во однос на спроведување иновативни дигитални решенија со примена на вештачката интелигенција (ВИ) во нашето работење. Воведени се значајни иновации со забележливи мерливи влијанија врз оперативната ефикасност. Искористувајќи ја ваквата позиција, нашата цел е натамошно да ја подобруваме нашата оперативна успешност и искуствата на нашите купувачи по пат на спојување големи податоци и ВИ во насока на развивање дигитално зајакнат и ефикасен модел на работење со револуционерни дигитални решенија за нашите купувачи, намалување на влезните материјали во производството и потрошувачката на електрична енергија, како и намалување на емисиите на $CO_2$.

### Постигнување резултати

Ние континуирано сме посветени на оперативни подобрувања заради постигнување на извонредност во поглед на производството, синџирот на набавки и искуствата на купувачите. Нашиот фокус е кон намалување на трошоците за производство и услуги, како и на овозможување решенија и супериорни искуства за нашите купувачи во севкупното наше работење.

## СТРАТЕГИЈАТА НА ТИТАН ЗА 2026 СЕ ЗАСНОВА НА ЧЕТИРИ КЛУЧНИ СТРАТЕГИСКИ ПРИОРИТЕТИ:

1. **Фокусирање на проширување на нашите атрактивни позиции во САД и во Европа**
2. **Забрзување на развојот на зелени производи и решенија**
3. **Искористување на потенцијалот за раст на дигиталните и на новите технологии**
4. **Спроведување на стратегијата по модел на работење што е локален, заснован на резултати и со кој се поттикнуваат талентите**

**Стратегија за 2026: развој и трансформација на нашето работење со оперативна извонредност и фокус на профитабилноста.**



# Глобално присуство

**Дејноста и активностите се распространети во четири региони, вклучувајќи го и заедничкото вложување**



## САД

**ИНТЕГРИРАНИ ЦЕМЕНТАРНИЦИ**

1. Роаноке, Вирџинија
2. Пенсуко, Флорида

**ТЕРМИНАЛИ**

3. Есекс Порт, Њуарк
4. Тампа Порт, Комплекс
5. Норфолк, Чесапик

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 | Интегрирани цементарници | 8 | Рудници |
| 82 | Погони за готов бетон | 3 | Транспортни терминали |
| 8 | Погони за бетонски блокови | 4 | Погони за преработка на летечка пепел |

Главни производи/активности

## БРАЗИЛ (ЗАЕДНИЧКО ВЛОЖУВАЊЕ)

**ИНТЕГРИРАНА ЦЕМЕНТАРНИЦА**

6. Кишере

**ПОСТРОЈКА ЗА МЕЛЕЊЕ**

7. Песем

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Интегрирани цементарници | 1 | Постројка за мелење |
| 4 | Рудници | 4 | Погони за готов бетон |

Главни производи/активности

## ГРЦИЈА И ЗАПАДНА ЕВРОПА

**ИНТЕГРИРАНИ ЦЕМЕНТАРНИЦИ**

8. Солун
9. Камари
10. Патрас

**ПОСТРОЈКА ЗА МЕЛЕЊЕ**

11. Елефсина

**ТЕРМИНАЛИ**

12. Марсеј, Франција
13. Венеција, Италија
14. Хал, Велика Британија

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | Цементарници | | | 1 | Постројка за мелење |
| 26 | Рудници | | | 31 | Погони за готов бетон |
| 3 | Увозни терминали | 1 | Погон за сув малтер | 2 | Погони за процесирани и преработени горива |

Главни производи/активности




Легенда на главни производи/активности:

- Цемент
- Готов бетон
- Агрегати
- Ѕидарски цемент
- Бетонски блокови
- Летечка пепел
- Управување со отпад и алтернативни горива
- Цементно производство и технологии

## ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

**ИНТЕГРИРАНИ ЦЕМЕНТАРНИЦИ**

15. Косјериќ, Србија
16. Златна Панега, Бугарија
17. Шар, Косово
18. **УСЈЕ, Северна Македонија**
19. Антеа, Албанија

| | |
|---|---|
| 5 Интегрирани цементарници | 21 Рудници |
| 5 Погони за готов бетон | 1 Погон за процесирани и преработени горива |

Главни производи/активности

## ИСТОЧЕН МЕДИТЕРАН

**ИНТЕГРИРАНИ ЦЕМЕНТАРНИЦИ**

20. Токат, Турција
21. Александрија, Египет
22. Бени Суеф, Египет

**ПОСТРОЈКА ЗА МЕЛЕЊЕ**

23. Мармара, Турција

**ТЕРМИНАЛИ**

24. Самсун Порт, Турција

| | |
|---|---|
| 3 Интегрирани цементарници | 1 Постројка за мелење |
| 14 Рудници | 6 Погони за готов бетон |
| 1 Увозен терминал | 2 Погони за процесирани и преработени горива |

Главни производи/активности

# За УСЈЕ

УСЈЕ е основана во 1955 година и денес претставува една од најголемите домашни компании со значителен придонес кон развојот на земјата. Посветени на задоволување на најосновните потреби на општеството, ние обезбедуваме материјали за изградба на објекти и инфраструктура, кои обезбедуваат засолниште, овозможуваат трговија и поттикнуваат поврзаност.

УСЈЕ стана дел од Групацијата ТИТАН во 1998 година. Ние сме во постојана потрага по технологии што ќе ни помогнат да го декарбонизираме производството на цемент, а со тоа и на нашите купувачи да им понудиме одржливи производи и решенија. Пристапот до нови револуционерни иновации низ воспоставениот синџир на еколошки вредности е од суштинска важност за преминот кон поодржлив, нето-нула свет. Ние го користиме потенцијалот на новите дигитални алатки, какви што се базите на податоци, вештачката интелигенција, машинското учење и напредната аналитика во насока на оптимизирање на нашето работење и создавање значителни придобивки за нашите купувачи, вработени, добавувачи, заедници и животната средина.

# Историски приказ на нашето одговорно работење

## ПОЧЕТОЦИ И НАПРЕДОК ВО РАНИТЕ ФАЗИ

**1955-1960**
Основање на Цементарница УСЈЕ и почеток со работа на првата ротирачка печка во април 1955 година. Втората ротирачка печка беше пуштена во употреба во 60-тите.

**1967-1973**
Почнаа да работат две нови линии: Печка 3 и Печка 4, додека Печка 1 и Печка 2 беа изгаснати.

## НОВО ПОГЛАВЈЕ ВО РАЗВОЈОТ

**1998**
Групацијата ТИТАН го откупи мнозинскиот пакет акции на Цементарница УСЈЕ

**2000-2003**
Беа инсталирани врeќести филтри на линија 3 и линија 4

**2004-2008**
- Сертификација со систем за квалитет ISO 9001: 2000
- Сертификација со систем за управување со животната средина ISO 14001: 2004
- Инсталиран систем за независно 24-часовно непрекинато мерење емисии
- УСЈЕ станува член на локалната канцеларија во Северна Македонија на Мрежата на Глобалниот договор

## КОНТИНУИРАНА ЕВОЛУЦИЈА ВО СИТЕ ОБЛАСТИ

**2009-2011**
- УСЈЕ почнува со јавно објавување на податоците од мерењата на животната средина
- УСЈЕ го формира Одборот за општествена одговорност и го објавува својот прв извештај за КОО и одржлив развој
- УСЈЕ го организира првиот Форум за вклучување на засегнатите страни
- Воспоставен е систем за безбедност и здравје за управување со изведувачи
- Сертификација со систем за управување со безбедност и здравје OHSAS 18001-2007
- УСЈЕ добива А-интегрирана еколошка дозвола А-IPPC
- УСЈЕ добива Национална награда за најдобри практики за ООП во категоријата Животна средина и три плакети
- Првиот Отворен ден на компанијата

**2012-2016**
- Организиран е првиот Ден за комуникација за вработените на УСЈЕ
- Прва пречистителна станица за третман на атмосферски води
- Инвестиција во опрема за намалување на $NO_x$
- Воведена е ТИТАН Платформа за лидерство

## НАЈНОВИ ДОСТИГНУВАЊА И ПРЕСВРТНИЦИ

**2018-2019**
- Воведени алтернативни горива во оперативниот процес
- Интегриран систем за управување со квалитет и животна средина
- Награда Предводник на целите за одржлив развој 2018
- Награда за унапредување на човековите права во бизнисот 2019

**2020**
- Интеграција на системите за управување: ISO 9001:2015, ISO 14001:2015, ISO 45001:2018 и ISO 50001:2018
- Иницијативи за ниско ниво на јаглерод: нов цемент тип CEM IV/B (V-P) 32,5 N
- TITAN Up дигитална платформа за купувачи
- Ажурирање на процената на ризикот врз биодиверзитетот според глобалните стандарди
- Аквизиција на Опалит

**2021**
- Продажбата надмина 1 милион тони цемент
- Награда Предводник за Целите за одржлив развој во однос на практиките поврзани со Целта 3, Целта 4 и Целта 13

**2022-2023**
- Признание за општествена одговорност
- Инсталација на фотоволтаична централа
- 2 години без повреда со изгубено време (LTI)
- Нов еколошки цемент CEM II/B-V 42,5 R
- Усвојување на обновените цели и вредности на Групацијата

# Нашиот освежен корпоративен идентитет

## Нашата цел

Да го направиме светот безбедно,
одржливо и пријатно место за живеење.

**Целта на ТИТАН ја нагласува нашата способност позитивно да придонесеме за општеството и да ги подобриме животите на луѓето и ја содржи суштината на нашата мисија:**



**Нашата мисија**
Во ТИТАН, нашата мисија е да обезбедиме иновативни градежни материјали и услуги, кои се неопходни за безбедни и одржливи домови, градби и инфраструктура нудејќи им можности на луѓето да уживаат во животот.
На секој предизвик му пристапуваме со претприемачки дух, притоа сосредоточувајќи се на три клучни области: деловни активности и синџири на набавки со ниски емисии на јаглерод, дигитализирање на нашата компанија заради постигнување максимална ефикасност, како и обезбедување иновативни и револуционерни решенија со цел задоволување на потребите на нашите купувачи.
Заедно со сите наши засегнати страни, ние се залагаме за изнаоѓање подобри начини за градба и унапредување на квалитетот на живот. Нашето секојдневно работење се одликува со интегритет, емпатија и одговорност кон животната средина, во градењето посветла иднина за сите нас.

# Нашите вредности

**Четирите клучни вредности на кои се темели нашата култура се:**

## Се грижиме

За нас, грижата не е само збор; тоа е одговорност што влијае врз начинот на кој работиме и преземаме одговорност кон светот што нѐ опкружува и етосот што нѐ предводи во секое наше дејствување.

**Ние се грижиме за:**
- Нашите луѓе
- Нашите купувачи
- Нашата заедница и животната средина

## Имаме смелост

Предизвиците и амбициозните цели не нѐ обесхрабруваат, напротив тие нѐ поттикнуваат и ни даваат сила.

**Имаме смелост:**
- Да работиме комплексни задачи
- Да бидеме искрени
- Да иновираме
- Да учиме

## Градиме за да трае

Ние веруваме дека вистинскиот успех се темели на трајни вредности.

**Градиме за да трае и имаме:**
- Долгорочна, среднорочна и краткорочна перспектива
- Тимска работа и соработка
- Постојано подобрување

## Го правиме она што го зборуваме

Во суштината на сé што правиме е едноставното, но моќно верување дека делата се погласни од зборовите.

**Ваквата вредност е проследена со следниве три елементи:**
- Испорачуваме резултати
- Ги живееме нашите вредности
- Го исполнуваме ветеното

# Нашето лого

Нашето променето лого ја обединува историјата на нашата компанија истовремено задржувајќи го дизајнот на претходното лого. Тоа претставува одраз на стратегијата на Групацијата, со која се комбинираат динамиката, иновациите и одржливиот развој. Новиот слоган „Заедно градиме подобар свет“ е сеопфатен и усогласен со обновената цел.
Нашиот пристап се состоеше од ажурирање на амблемот и на логото. Со амблем што наликува на глобус, како симбол на нашата планета, ние го нагласуваме меѓународното присуство на

TITAN USJE

Групацијата и грижата на ТИТАН за планетата. Изборот на бои ја истакнува нашата заложба за одржливи деловни практики и иднина на градежните материјали и решенија.

# Градење и споделување вредности

1

### Финансиски капитал

Ефикасно ги користиме нашите економски ресурси за да го поддржиме нашиот деловен пораст и да ја заштитиме меѓународната конкурентност.

2

### Интелектуален капитал

Ги користиме нашите способности за истражување и развој и нашето продлабочено познавање на индустријата на градежни материјали, со цел да ја зајакнеме нашата понуда и да го подобриме нашето работење.

3

### Капитал создаден од соработка со заедницата

Соработуваме и ги вклучуваме нашите засегнати страни преку градење долгорочни односи засновани на доверба и соработка за да создадеме длабоко влијание врз општеството и локалните заедници.

Ние веруваме дека ефикасното користење на нашите капитални ресурси е клучно за поттикнување одржливо и долгорочно создавање заеднички вредности изразени преку нашите производи и услуги. Ние помагаме за справување со глобалните општествени и еколошки предизвици и придонесуваме за исполнување на Целите за одржлив развој за 2030 година на Обединетите нации (ОН). Со примена на нашите ресурси и експертиза, се стремиме кон постигнување позитивно влијание и значајни промени во светот што го оставаме на идните генерации.

## 4

### Природен капитал

Постапуваме одговорно со суровините преку нашиот придонес за циркуларната економија и со зачувување на природните ресурси и на биодиверзитетот во областите во кои дејствуваме.

## 5

### Човечки капитал

Го вреднуваме придонесот на нашите луѓе и постојано го поддржуваме нивниот професионален развој во работна средина што се одликува со дијалог, инклузија и соработка.

## 6

### Производствен капитал

Ги произведуваме нашите производи користејќи ги најдобрите достапни технологии и обезбедуваме сигурна дистрибуција до нашите купувачи преку наменски терминали.

## СОЗДАВАЊЕ ВРЕДНОСТИ ЗА СИТЕ

<table>
<tr><th>Клучни индикатори</th><th>Износ (во МКД)</th><th>Засегнати страни</th></tr>
<tr><td>Инвестиции за развој на компанијата</td><td>563 милиони МКД</td><td rowspan="10">Купувачи<br>Вработени<br>Локални заедници и влада<br>Регулаторни и други управи<br>Акционери<br>Деловни партнери и добавувачи<br>Изведувачи<br>Медиуми<br>Локални власти<br>Граѓански организации<br>Академска јавност и истражувачи</td></tr>
<tr><td>Даноци кон националните и кон локалните власти</td><td>344 милиони МКД</td></tr>
<tr><td>Вкупно потрошени средства за локални и за меѓународни добавувачи за добра и услуги</td><td>3.360 милиони МКД</td></tr>
<tr><td>Додадена бруто-вредност</td><td>2 милиони МКД</td></tr>
<tr><td>Додадена нето-вредност</td><td>2 милиони МКД</td></tr>
<tr><td>За плати, пензии и социјални придонеси, вклучувајќи и дополнителни придонеси и повластици што ги надминуваат законски предвидените</td><td>339 милиони МКД</td></tr>
<tr><td>Зелени инвестиции</td><td>18,5 милиони МКД</td></tr>
<tr><td>Поддршка на проекти во заедницата</td><td>7 милиони МКД</td></tr>
<tr><td>Нови вработувања</td><td>31</td></tr>
<tr><td>Практиканти</td><td>16</td></tr>
</table>

# Нашите производи

**ЦЕМЕНТ** | **ГОТОВ БЕТОН** | **АГРЕГАТИ**

## НАШИТЕ ВИДОВИ ЦЕМЕНТ:

### CEM I 52,5 R

CEM I 52,5 R е чист портланд цемент со мала додадена количина гипс (за да се регулира времето на стврднување) и со други минерални додатоци, кои не надминуваат повеќе од 5%. Тој се карактеризира со висока јакост (во раниот и во доцниот стадиум), но исто така и со релативно висока топлина за време на хидрацијата.

### CEM IV/B (V-P) 42,5 N – зелен цемент

CEM IV/B (V-P) 42,5 N е пуцолански цемент со висок процент на летечка пепел (V) и природни пуцолани (P). Содржината на клинкер се движи помеѓу 45% и 64%, додека другите состојки се главно летечка пепел (V) и природни пуцолани (P).

### CEM II/A-V 42,5 R

CEM II/A-V 42,5 R е портланд цемент со додадени пуцолани (силикозна летечка пепел, V). Тој се состои од 80%-94% клинкер, 6%-20% висококвалитетна летечка пепел, природен гипс (за регулирање на отпочнувањето на врзувањето) и други помали минерални додатоци, кои не надминуваат повеќе од 5%. Во октомври 2023 година овој тип цемент беше заменет со нашиот зелен рефузен цемент CEM II/B -V 42.5R.

### MC 5 – УСЈЕМАЛ

Усјемал и шармал се брендови на нашиот зидарски цемент MC-5, со степен на јакост 5, усогласен со МКС EN 413-1 стандардот. Станува збор за хидрауличко врзиво со висок степен на пластичност и издржливост.

### CEM II/B-V 42,5 R – зелен цемент

Во согласност со нашата заложба за континуирано подобрување во областа на заштита на животната средина и одржлив развој со намалување на отпадот и подобрување на енергетската ефикасност, ние го развивме CEM II/B-V 42,5 R.

### CEM I 52,5 N и CEM II/B-LL 42,5 N - бели цементи

Светлата и јасна боја на белите цементи на ТИТАН ги прави идеални за употреба кога изгледот е од пресудна важност. На пример, тие се користат за подготовка на бел гипс за фасадите на приватни живеалишта и повеќекатници.

Ние континуирано ги подобруваме нашите производи со што се подобрува квалитетот и издржливоста за нашите купувачи, како и методите и материјалите со што се олеснува изградбата и придонесуваме за намалување на влијанијата врз животната средина.

# Фокусирани на материјалните прашања и на засегнатите страни

Повратните информации што ги добиваме од нашите засегнати страни ни помагаат да развиеме покохерентна, инклузивна и конзистентна стратегија за одржливост. Со постигнувањето консензус во области од заеднички интерес, градиме ефективни партнерства кои поддржуваат одржливи решенија и на глобално и на локално ниво.

## Клучни засегнати страни на УСЈЕ

| | |
|---|---|
| Купувачи | Деловни партнери и добавувачи |
| Вработени | Изведувачи |
| Локални заедници и влада | Академска јавност и истражувачи |

Процесот на процена на материјалноста подразбира учество на нашите засегнати страни во мапирањето на материјалните прашања, а притоа земајќи ги предвид нивните очекувања, ставови и потреби. Предност им даваме на темите и на прашањата што се значајни за нашите засегнати страни во контекст на нашите фокус области, нашите политики и резултати.
Ние го воведовме Процесот за процена на материјалноста во 2020 година со интегрирање на нашиот процес на внатрешна евалуација со насоките на Групацијата ТИТАН. Ги поврзавме избраните клучни материјални прашања со Целите на одржлив развој на Обединетите нации.
Со валидирање на материјалните прашања во 2022 година, потврдивме дека материјалните прашања што се наш врвен приоритет и оние што се врвен приоритет за нашите засегнати страни, остануваат исти.

## Матрица на материјалност на УСЈЕ за 2021 – 2025



# Поврзување на нашите материјални прашања со фокус областите на Групацијата ТИТАН

УСЈЕ ги усвои целите за животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување (ESG) на Групацијата ТИТАН за 2025 година и понатаму, фокусирајќи се на четири столба што се дефинирани како материјални прашања за Групацијата ТИТАН. Во понатамошниот тек на овој Извештај, во поглавјето Преглед на резултатите во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување, претставени се најзначајните материјални прашања на УСЈЕ и нивната поврзаност со фокус областите на Групацијата.

| Фокус области на Групацијата ТИТАН | Декарбонизација и дигитализација | Работно опкружување што овозможува раст | Позитивно локално влијание | Одговорно управување со ресурсите | Добро управување, транспарентност и деловна етика |
|---|---|---|---|---|---|
| Материјални прашања на УСЈЕ | Декарбонизација, енергетска ефикасност и отпорност на деловниот модел | Безбедна и здрава работна средина за нашите вработени и за деловните партнери<br><br>Вклучување на вработените, нивен развој и добросостојба | Управување со локалните влијанија врз животната средина и заштита на природните ресурси<br><br>Продолжување на соработката и на придонесот кон одржливоста на заедниците | Градење доверба со нашите купувачи и унапредување на нивното задоволство<br><br>Одржлив и стабилен синџир на набавки | Добро управување и деловна етика |

## Партнерства за одржлив развој

Воспоставуваме и негуваме соработка и партнерства со релевантни организации во различни области, со цел да ги исполниме нашите цели за постигнување одржлив развој. Дел од организациите се следните:

- **Стопанска комора на Северна Македонија**
- **Американска стопанска комора (AmCham)**
- **Организација на работодавачи**
- **Клуб на одговорни бизниси**
- **Македонско здружение за безбедност и здравје при работа (МЗЗПР)**
- **Совет на странски инвеститори**
- **Македонска асоцијација за човечки ресурси**
- **Институт за стандардизација на Република Северна Македонија**
- **Институт за внатрешни ревизори на Северна Македонија**
- **Грчка бизнис асоцијација**
- **Црвен крст на Република Северна Македонија**
- **Холандска стопанска комора**
- **Меѓународна асоцијација за цврст отпад (ISWA)**
- **Македонска асоцијација за цврст отпад (MaSWA)**

# Извештај за корпоративното работење





# Извештај за корпоративно управување

Начелата за добро корпоративно управување и сеопфатното управување со ризикот, се од суштинско значење за градењето ефективни надворешни односи, а со тоа и за одржување на стабилноста на компанијата. Овие начела, заедно со нашите корпоративни вредности, претставуваат водич во секој аспект од нашата дејност. Преку работата на неколку одбори и комитети се обезбедува највисоко ниво на почитување на примената на овие начела во секојдневното работење.

Одговорноста, транспарентноста и управувањето со ризикот, како столбови на корпоративното управување, се водечки двигатели на компанијата во насока на зголемување на сигурноста, сведување на ризиците на минимално ниво и постигнување долгорочен успех.

Цементарница УСЈЕ АД Скопје е акционерско друштво, кое котира на Македонската берза во потсегментот Задолжителна котација. Оттука, компанијата ги применува начелата што се утврдени со Кодексот за корпоративно управување на котирани акционерски друштва на Македонската берза (Кодекс за корпоративно управување – CGC од 2021 година или Кодекс).

Акционерскиот капитал на компанијата изнесува 1.747.730 илјади МКД, кој го сочинуваат 563.784 обични акции со право на глас, со номинална вредност од 3.100,00 МКД по акција.

**Акционерската структура на 31.12.2023 година е следната:**

- TITAN CEMENT Holland B.V. (TITAN CEMENT Netherlands B.V.) поседува 535.596 акции, односно 95% од правата на глас
- Други: 28.188 акции што соодветствуваат на 5% од правата на глас

Со компанијата управува Одбор на директори, во рамките на овластувањата што се утврдени со Законот за трговски друштва и Статутот на Друштвото. Одборот има најопсежни овластувања да постапува во име и за сметка на компанијата, да го следи и да го надгледува деловното работење, долгорочните интереси, да спроведува стратегии и да се грижи за работењето на компанијата.

Во 2023 година Одборот беше составен од 6 (шест) члена: 1 (еден) извршен член, односно главниот извршен директор и 5 (пет) неизвршни членови, од кои 2 (два) се независни. Ниту еден од неизвршните членови на Одборот не добива надоместок за учество во Одборот на директори. Главниот извршен директор не добива надоместок за учество во Одборот на директори.

Во текот на 2023 година, во неколку наврати Одборот на директори донесе различни одлуки во врска со тековното работење на компанијата. Одборот одлучуваше без одржување седници, со давање согласност за усвојување на материјалите преку електронска пошта, за што соодветно е изготвен Записник за евидентирање на одлуките. Сите одлуки беа донесени со согласност на сите членови на Одборот. Вработените во надлежните компаниски единици во компанијата се грижеа за навремено и правилно информирање, притоа обезбедувајќи организациска и професионална помош на членовите на Одборот.

Во 2023 година, Годишното собрание на акционери се одржа на 16 мај, а Вонредното собрание на акционери се одржа на 18 декември.

Градењето добра волја преку транспарентно работење, издигнувањето на етичкото однесување на највисоко ниво, како и постојаниот придонес за одржливиот развој на заедницата и понатаму остануваат главни двигатели во управувањето со УСЈЕ.

## Членови на Одборот на директори во 2023 година:

**Јани Паниарас,** претседавач, неизвршен член
**Борис Хрисафов,** извршен член, главен извршен директор
**Лукас Петкидис,** независен, неизвршен член
**Мирослав Глигоријевиќ,** неизвршен член
**Григориос Дикеос,** вршител на должност независен, неизвршен член
**Марио Брачи,** неизвршен член

## Од 1 февруари 2024 година е формиран нов Одбор на директори со следниов состав:

**Марио Брачи,** претседавач, неизвршен член
**Константинос Николаоу,** вршител на должност извршен член, вршител на должност главен извршен директор
**Лукас Петкидис,** независен, неизвршен член
**Григориос Дикеос,** независен, неизвршен член
**Мирослав Глигоријевиќ,** неизвршен член
**Борис Хрисафов,** вршител на должност неизвршен член

# Одбори и комитети на УСЈЕ

## Одбор за управување

Во насока на дополнително подобрување на процесот на одлучување и корпоративно управување, од 2013 година компанијата воспостави Одбор за управување составен од главниот извршен директор, техничкиот директор, менаџерот за продажба, менаџерот за финансии и менаџерот за човечки ресурси и корпоративна општествена одговорност. Одборот за управување обезбедува стратегиски насоки и ја спроведува стратегијата на Групацијата и на компанијата, обезбедувајќи резултати и корпоративно управување во согласност со методологијата на ТИТАН. Одборот за управување одржува неделни состаноци, на кои членовите дискутираат за стратегиски прашања и управување со ризици.

## Одбор за здравје и безбедност при работа

Одборот за здравје и безбедност при работа на УСЈЕ обезбедува стратегиски насоки за иницијативи за подобрување на безбедноста и на здравјето при работа во нашата фабрика. Овој одбор воспоставува ефективни процеси за обезбедување на целосното спроведување на Политиката за безбедност и здравје на Групацијата ТИТАН. Со Одборот претседава главниот извршен директор и е структуриран во 5 поткомитети: Безбедносни инциденти, Безбедносни проверки, Управување со изведувачите, Клучни индикатори и Правила и процедури. Заедничката и крајна цел е да ги заштитиме и да ги зачуваме безбедноста и здравјето на нашите вработени и на вработените на нашите изведувачи како едно од основните човекови права на работното место.

## Одбор за кредитна контрола

Овој одбор е одговорен за побарувањата и за долговите на купувачите, а неговите главни задачи го вклучуваат следното:

- Процена и одобрување заеми;
- Формулари за оценка/рангирање на купувачите;
- Подмирување долгови од страна на купувачите;
- Покритие за долгови/гаранции;
- Мониторинг и контрола на кредити;
- Разграничување одредби што се однесуваат на кредитниот ризик.

## Одбор за корпоративна општествена одговорност

Овој одбор е воспоставен во 2009 година и е задолжен за интегрирање и спроведување на стратегијата на Групацијата ТИТАН на локално ниво. Со него претседава главниот извршен директор и се состои од највисокото раководство и менаџерите за безбедност и здравје, животна средина и за човечки ресурси. Одборот за корпоративна општествена одговорност се состанува четири до шест пати годишно, или во одредени случаи на месечно ниво, за да ги разгледа и да ги процени акционите планови и постигнувања, како и да поттикне понатамошни подобрувања. Во насока на обезбедување понатамошна кохезија во рамките на Групацијата, Одборот за корпоративна општествена одговорност на УСЈЕ назначи еден од своите членови како претставник во Мрежата на делегати за врски за корпоративна општествена одговорност на Групацијата, чија цел е подобрување на внатрешната комуникација, споделување и учење од најдобрите практики на Групацијата.

## Одбор за квалитет и животна средина

Одборот за квалитет и животна средина е одговорен за воспоставување на Политиката за квалитет и животна средина на компанијата и утврдување на целите на системот за квалитет и животна средина. Воедно, Одборот спроведува внатрешни ревизии за квалитет и животна средина и врши проверки на системот за квалитет и животна средина. Одборот за квалитет и животна средина ги идентификува еколошките аспекти и вонредни состојби во врска со заштитата на животната средина итн.

# Организациска структура на УСЈЕ



## Ревизии во УСЈЕ

Во 2023 година беа спроведени вкупно 21 надворешни и 8 внатрешни еколошки ревизии. Ревизиите се однесуваа на системот за управување со животната средина, системот за управување со енергетска ефикасност, ревизии на емисии на $CO_2$, управување со отпадот, преглед на дозволите и други прашања од животната средина.
Во 2023 година, Интегрираниот систем ИСО (Интернационална организација за стандарди) беше ревидиран од EuroCert, Европско друштво за технички испитувања и сертификација С.А. Внатрешната ревизија ја изведоа сертифицирани внатрешни ревизори во УСЈЕ. Дополнително, за време на редовната ревизија од страна на Градежен институт на Македонија (ГИМ) беше донесен заклучок дека системот за контрола на производството во УСЈЕ е организиран и дека придонесува за постојан квалитет на производствениот процес со исполнување на барањата на имплементираните стандарди.
Во областа на здравје и безбедност, покрај ревизијата на ISO 45001 од EuroCert, се изведоа и редовни ревизии од Групацискиот и регионалниот директор за здравје и безбедност при работа, на кои нашата компанија беше оценета со жолто светло.
Како и во претходните години, нашите финансиски извештаи ги ревидираше „Прајс ватерхаус куперс“ (PriceWatehouse Coopers).
Тимот за внатрешна ревизија на Групацијата ТИТАН при последователната ревизија во Секторот за човечки ресурси ја потврди „задоволителната“ оценка од 2022 година.

## Системи за управување

УСЈЕ има развиено и спроведено Интегриран систем за управување, кој ги опфаќа следниве четири системи: ISO 9001:2015, ISO 14001:2015, ISO 45001:2018 и ISO 50001:2018. Системите се одржуваат со секојдневно следење и почитување на пропишаните процедури и редовни внатрешни и надворешни ревизии, со цел проверка на усогласеноста со стандардите. Внатрешните ревизии ги изведуваат лица што се вработени во компанијата и кои поседуваат сертификати за ревизори за односните стандарди. Сертификационо тело ги изведува надворешните ревизии.










## Диверзитет и инклузија

Во УСЈЕ диверзитетот и инклузијата (DE&I) се однесува на нашата заложба за градење култура на работното место, каде што вработените што доаѓаат од различни средини и кои имаат различни искуства и перспективи, еднакво се вреднуваат и  почитуваат. Ова се однесува на: род, раса, етничка припадност, старост, сексуална ориентација, попреченост, социо-економски статус итн. Унапредувањето на диверзитетот и на инклузијата прерасна во критичен аспект за организацискиот успех, а воедно доведува и до унапредени иновации, задоволство кај вработените и сеопфатен деловен успех. Со давањето приоритет на диверзитетот и на инклузијата, градиме подинамични и иновативни работни места, го подобруваме моралот кај вработените и постигнуваме позитивни промени.
За постигнување и негување култура на инклузија, неопходна е и сеопфатна и континуирана заложба од лидерите на компанијата.

# Преглед на резултатите во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување (ESG)

**Нашата стратегија се заснова на одржливост, при што треба да ги оцениме нашите финансиски, еколошки, општествени и управувачки цели, кои ги мериме преку внимателна анализа на нашите активности и влијанието врз нашите заедници и засегнатите страни.**

Како дел од нашата долгорочна посветеност на одржливоста и креирање вредности за сите, утврдивме амбициозни цели за животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување за 2025 година и потоа. Тие се сосредоточени на нашите четири стратегиски столбови – Декарбонизација и дигитализација; Работно опкружување што овозможува раст; Позитивно локално влијание и Одговорно управување со ресурсите – при што заедничка потпора на која се темелат сите цели е Доброто управување, транспарентноста и деловната етика.

Поглавјето Преглед на резултатите во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување од овој Извештај, содржи резиме за работењето и за напредокот на УСЈЕ во текот на целата година од аспект на постигнувањето на нашите цели за животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување. За секое прашање што ние и нашите засегнати страни го сметаме за важно за компанијата, ги презентираме активностите што ги преземаме и објаснуваме на кој начин постапуваме за тоа прашање, нагласувајќи ги значајните достигнувања што се постигнати во текот на годината.

Фокус област: Декарбонизација и дигитализација

# **Материјално прашање:** Декарбонизација, енергетска ефикасност и отпорност на деловниот модел

## Употреба на алтернативни горива

Со примена на пристапот на циркуларна економија, придонесуваме за намалување на јаглеродниот отпечаток при нашиот процес на производство на цемент со замена на фосилните горива со алтернативни горива, односно материјали што не можат да се рециклираат, како и биомаса. Со употреба на алтернативни горива, придонесуваме за намалување на отпадот што се одложува на депониите и истовремено ја користиме нивната топлинска моќ. Употребата на алтернативни горива во нашите процеси придонесува за подигнување на хиерархијата на управување со отпад на повисоко ниво.

Стремејќи се кон една од нашите цели, декарбонизацијата, во УСЈЕ користиме неколку видови алтернативно гориво, како што е биомаса од земјоделски отпад (лушпи од ориз и лушпи од кафе), селектиран отпад од текстилната индустрија, отпад од пакување што не може да се рециклира, како и отпадна пластика што не може да се користи повеќекратно и не може да се рециклира.

Врз основа на супституцијата на термална енергија, најголем процент од алтернативните горива припаѓа на отпад од текстилната индустрија (54,14%). Понатаму, се користи и пластика што не може да се рециклира (16,54%), хартија (1,7%) и биомаса (лушпи од кафе и лушпи од ориз 27,62%). Вкупната количина алтернативни горива што се користат во печките изнесува 3,4%.

Употребата на алтернативни горива е во согласност со Дозволата за усогласување со оперативен план (A-IPPS). Во овој процес ги применуваме најдобрите светски практики, како и технологии и опрема со докажана ефикасност. Намалувањето на употребата на необновливи горива, емисиите на стакленички гасови и рециклирањето на материјалите наместо нивно отстранување се само некои од резултатите и придобивките од употребата на отпадот како алтернативно гориво.

Со Политиката за животна средина на Групацијата ТИТАН што е усвоена од УСЈЕ, се потврдува значењето на циркуларната економија и се следат нејзините закони и начела. Еден од ефективните начини на кои можеме да го намалиме нашиот јаглероден отпечаток и да ја покажеме нашата одговорност за животната средина е со ко-процесирање на производи од различни текови на отпад.

Следствено на ова, од една страна се постигнуваат придобивки за животната средина какви што се намалување на емисиите на стакленички гасови, употреба на необновливи фосилни горива и суровини, подобрувања на хиерархијата на отпадот, односно обновување на енергијата наместо нејзино отстранување.

Од друга страна, се постигнуваат придобивки и за општеството, како што се иницијативите за подобро управување со отпадот со кои се избегнува одлагање во депонија, согорување на отворено што доведува до ослободување на емисии, но и фокусирање на локално и регионално ниво и нови можности за вработување.

# Нашите заложби за ублажување на климатските промени

Климатските промени се сметаат за едни од најважните еколошки предизвици во цементната индустрија. Околу 5% од вкупните емисии на $CO_2$ низ светот се испуштаат од цементната индустрија. Имено, произведениот $CO_2$ е резултат на ископување и транспорт на суровини, декарбонизација на $CaCO_3$ и $MgCO_3$ како резултат на производство на клинкер, согорување гориво при производство на клинкер (главна компонента за производство на цемент), транспорт на готовиот производ итн. Оттаму, посветени сме на изнаоѓање решенија за декарбонизација преку дигитализација, континуирано учење и максимална оптимизација на производствениот процес.

Воедно, воведувањето и производството на цемент со помал процент на клинкер придонесува за намалување на емисиите на $CO_2$. Тоа подразбира замена на одреден процент од клинкерот со пуцолани (природен пуцолан и летечка пепел). Во 2023 година, цементите на база на пуцолан беа едни од најпродаваните. Производството на CEM II/A-V 42.5 R, CEM II/B-V 42.5 R и CEM IV/B(V-P) 42.5 N изнесуваше повеќе од 86 проценти.

Постојано го следиме и се придржуваме кон протоколот на Глобалната асоцијација за цемент и бетон (претходно познат како WBCSD/CSI) за пресметување и известување за емисиите на $CO_2$ во текот на целата година. Редовно правиме пресметка и известуваме за емисиите на јаглерод диоксид и за енергијата иако тоа не е барање во согласност со националните закони. Во 2023 година, вкупните бруто-емисии на $CO_2$ на УСЈЕ изнесуваа помалку од 0,7 милиони тони, додека специфичните нето директни емисии на $CO_2$ изнесуваа 679,8 кг $CO_2$/t по цементен производ.

# Отпорност на деловниот модел – Дигитализација со фокус на подобрувања на процесите

УСЈЕ го имплементираше системот за Продажен интерфејс на ТИТАН (TSI – TITAN Sales Interface), иновативно решение што е дизајнирано да го оптимизира процесот на товарење на камиони, обезбедувајќи брзо, прецизно и безбедно постапување со цементните производи. Овој систем беспрекорно се интегрира во нашиот синџир на производство и логистика, при што обезбедува придобивки, како за нашите внатрешни операции, така и за надворешните чинители. Дел од придобивките вклучуваат: прецизно товарење: системот е опремен со напредни сензори и технологија за автоматизација што прецизно мери и товари цементни производи на камиони, со што целосно се избегнува ризикот од прекумерно или од недоволно исполнет капацитет на товарење; побрзо спроведување на процесот: без да се применува рачно товарење, нашите камиони се товарат за пократко време, што придонесува за побрзо спроведување на процесот и подобрени распореди за испорака; зголемена безбедност: со Системот за автоматско полнење ѝ се дава предност на безбедноста со сведување на минимум на интервенциите од страна на вработените за време на процесот на товарење. Со тоа се намалува ризикот од несреќи и се обезбедува побезбедна работна средина; следење во реално време: системот обезбедува можности за следење во реално време, што овозможува да го следиме напредокот на товарењето, да ги следиме количините на производите и да се увериме дека се почитуваат прописите за транспорт.

**Имплементација на SAP, врвно решение за планирање на ресурсите на компанијата**
УСЈЕ успешно го имплементираше SAP, кое претставува врвно решение за планирање на ресурсите на компаниите (Enterprise Resource Planning - ERP), со цел да ги поедностави и интегрира сите деловни процеси. Ваквата интеграција опфаќа области какви што се продажба, финансии, набавки, складирање и планирање на производството. Дел од придобивките вклучуваат:

- Ефикасна распределба на ресурсите: сеопфатниот систем за планирање на ресурсите на компанијата, овозможува да ја оптимизираме распределбата на ресурсите, при што се обезбедува сигурно и прецизно распоредување на материјалите, на вработените и на машините.
- Пристап до податоци во реално време: Со SAP, имаме пристап до податоци во реално време, поттикнувајќи информирано донесување одлуки и овозможувајќи побрзи и координирани одговори на променливата пазарна динамика.
- Видливост на синџирот на набавки: SAP ја подобрува видливоста на синџирот на набавки, овозможувајќи ни да ги следиме материјалите од набавка преку производство, па сè до испорака, обезбедувајќи непречен и транспарентен синџир на набавки.

**Фокус област:** Работно опкружување што овозможува раст

# **Материјално прашање:** Безбедна и здрава работна средина за нашите вработени и за деловните партнери

## Здравје и безбедност при работа

Главен приоритет на УСЈЕ се безбедноста и здравјето на нашите вработени и на изведувачите. Како дел од Групацијата ТИТАН, нашата компанија е посветена на континуирано подобрување во полето на безбедноста и здравјето на нашите вработени, подигање на свеста за безбедноста на вработените, почитување на законските норми и на корпоративните стандарди. Водени од ова убедување, воведовме голем број иницијативи за дополнително да го подобриме нашето работење од аспект на безбедноста и здравјето. Во 2023 година спроведовме обука за квалитетни безбедносни контроли и ревизии за нашите вработени и за изведувачите. Оттаму, во 2023 година имаше вкупно 279 безбедносни контроли и ревизии, од кои изведувачите пријавија 75. Пријавени беа и 733 инциденти, од кои 52 беа за избегнати инциденти. Во 2023 година имавме и една повреда со изгубено работно време на наш вработен, еден медицински случај на изведувач и прва помош за наш вработен и за изведувач. Беше спроведена детална истрага и се подготви детален извештај, во кој се презедоа корективни мерки за да се спречи повторување на исти или слични настани. Истрагата на инцидентите како дел од нашиот систем претставува добра практика, која се спроведува континуирано за сите настани што се утврдени како инциденти со поголем ризик или избегнати инциденти. Целта е да се утврди и да се анализира причината, а како резултат на тоа се подобруваат постојните процедури, опрема, како и културата на вработените и на изведувачите.
Поаѓајќи од идејата дека продлабоченото знаење на сите вработени е клучен фактор за развој на културата во однос на безбедноста, Цементарница




Игра на улоги за здравје и безбедност при работа

УСЈЕ во 2023 година продолжи со континуирани обуки на различни теми од аспект на безбедноста и здравјето за нашите вработени и изведувачи.
Во 2023 година се реализираа 6.287 часа обука за вработените во УСЈЕ или во просек 26 часа обука по вработен, како и 3.343 часа обука за изведувачи или 15,44 часа по изведувач.
Во 2023 година, со цел да се подобри системот за управување со изведувачите, како и да се провери дали тие го почитуваат Законот за безбедност и здравје при работа, се воспостави засилена контрола во однос на потребната документација на изведувачите во согласност со Законот за безбедност и здравје при работа и се организираа обуки за безбедност и здравје при работа, како и воведни обуки и преквалификација за сите изведувачи.
На Светскиот ден за здравје и безбедност при работа, 28 април, Секторот за безбедност и здравје организираше настан за унапредување на безбедноста на работното место, на кој беа поканети претставници од државните институции какви што се Трудовиот инспекторат, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за кризи и други претставници, вклучително и гости претставници од различни компании од целата земја, соработници и изведувачи.
На настанот беа споделени добри практики од Цементарница УСЈЕ преку сценарија со играње улоги за следење на кардиналните процедури. Воедно, на настанот беа доделени награди за најдобрите во областа на безбедноста со цел да се мотивираат вработените и да се поттикнат да бидат проактивни во областа на здравјето и безбедноста при работа.
Во делот на одговор на вонредни состојби, во Цементарница УСЈЕ се формираше спасувачки тим, кој присуствуваше на специјална обука предводена од компанија од Србија, како и вежба организирана заедно со Дирекцијата за заштита и спасување и Кризниот центар на Република Северна Македонија.
Во ноември 2023 година, надворешната компанија EuroCert изврши ревизија на Системот за безбедност и здравје ISO 45001 при што не се утврдија никакви несообразности и немаше приговори. Редовни контроли изведоа и генералниот и регионалниот директор за безбедност и здравје при работа, при што нашата компанија беше оценета со жолто светло.
Целта на компанијата во однос на системот за безбедност и здравје е да постигне напредок во развојот на безбедносни стандарди, а со тоа воопшто да нема повреди на работното место, но и да развие средина на меѓусебна интеграција на безбедноста.

### Стапка на зачестеност на повреди со изгубено време - LTIFR (тренд по години)




LTIFR – Бројка на LTIs во една година на 1.000.000 одработени часови

### Изгубено време поради повреда на работно место - LTI (тренд по години)




LTI – Изгубено време поради повреда (LTI) се дефинира како повреда на работното место, која резултира во отсуство од работа од еден или повеќе работни денови (или смени), почнувајќи од денот по повредата пред лицето да се врати на нормална работа или работа со скратено работно време (доколку две или повеќе лица се повредени за време на некој инцидент, тогаш појавата ќе се смета како две или повеќе LTIs, како и „Изгубени денови“ за секој повреден поединец)

### Изгубени календарски денови поради повреда на работно место - LTISR (тренд по години)




LTISR – Бројка на изгубени календарски денови како резултат на LTIs во годината на 1.000.000 обработени часови

*Графиконите прикажуваат податоци кои се однесуваат на Цементарница УСЈЕ и Опалит ДООЕЛ*

# **Материјално прашање:** Вклучување на вработените, развој и добросостојба

Способноста за приспособување кон барањата на конкурентната средина и општествените движења, се темели на идејата за постојано учење, што е тековна заложба на УСЈЕ. Стратегијата за одржливост на нашата компанија зависи од професионалните и од личните вештини на нашите вработени, како и од трајните односи што ние ги имаме воспоставено.
Фокусот на учењето овозможува креирање на програми за доквалификација и за преквалификација, го унапредува лидерството и ги опфаќа функционалните и техничките вештини. Ние гледаме на луѓето како на клучен фактор за нашиот успех. Свесни сме за нашата обврска за рамноправно вработување со кое се почитуваат правата на луѓето, се создаваат еднакви можности за сите, вклучувајќи ги младите и оние од локалните заедници каде што ние работиме, а притоа стремејќи се кон најбезбедни и најздрави работни услови за сите. Во однос на анкетата за вработените што ја спроведовме во 2022 година, во 2023 година беше развиен и спроведен акциониот план. Овој план вклучуваше: унапредување на лидерските вештини на раководителите за да се подобри јасноста и автономијата на нивните тимови, развивање одговорност и чувство за совесно извршување на работата преку јасно делегирање, развој и зголемено овластување, поттикнување иновативни идеи и самоиницијативност преку оддавање признание, подобрување на системите за наградување како и за редовни повратни информации и зајакнување на соработката меѓу тимовите и меѓу одделите.
УСЈЕ се придржува кон Политиката за човекови права на Групација ТИТАН, со која се дефинираат правата и обврските врз основа на најдобрите меѓународни стандарди и локалното законодавство и воедно гарантира строг надзор на сите аспекти во врска со извршувањето на оваа политика. Ни причинува задоволство да известиме дека во 2023 година немаше пријави за непочитување или за повреда на човекови права и работнички права во УСЈЕ.

## Предизвик за иновативни идеи на Групацијата ТИТАН

Во 2023 година ТИТАН го одржа првиот внатрешен повик за пријавување идеи, чија цел беше да се воведат нови концепти за подобрување на секојдневниот живот за нашите вработени и нашите купувачи. Мотивирани од визијата дека „секој може да иновира“ во ТИТАН, на натпреварот беа пријавени 220 идеи од колеги од целиот свет, опфаќајќи ги сите области во кои една компанија може да иновира, од производи и услуги до свесност за брендот и искуство на купувачите, како и од производство и други основни деловни процеси до опкружување на работното место и искуство на вработените.
Дел од Менаџмент Самитот на Групацијата, кој се одржа во октомври, беше посветен на натпреварот Предизвик за идеи, каде што 6 тимови финалисти имаа можност да го претставаат концептот на своите идеи. УСЈЕ доби признание и две награди на Менаџмент Самитот. Нашата компанија ја доби Наградата за најголем број пријавени идеи, додека тимот за човечки ресурси ја освои Наградата за иновации бидејќи нивната идеја за Виртуелен талент навигатор беше прогласена за најиновативна на Предизвикот за идеи на Групацијата ТИТАН.



- Еден **Отворен ден** со сите вработени
- Еден **Ден со семејствата** на вработените
- Четири **настани за тимски активности**: тим-билдинг за учесниците во Програмата за професионален развој, пешачење во село Вратница, тимско куглање и Скопски маратон

# Клучни показатели за вработените за 2023 година

- Вкупен број вработени на крајот на годината: 237 вработени - 41 жена, 196 мажи
- Вработени од локалната заедница: 77
- Вработени, членови на Синдикатот: 66%
- Удел на жени во вкупниот број вработени: **17,30%, 0,84% зголемување во споредба со 2022 година**
- Удел на жени во менаџментот: **33%, 12,28% зголемување во споредба со 2022**
- Удел на жени во вкупниот број нововработени: 23%
- Родителско отсуство: 1

## Диверзитет и инклузија на работното место

Посветени сме на создавање инклузивна работна средина, во која нема предрасуди, каде што се промовира различноста, а со сите наши вработени се постапува праведно и сите имаат еднакви можности за раст.
Во 2022 година Групацијата ТИТАН ја воведе Политиката за диверзитет, еднаквост и инклузија, со која се утврдуваат нашите начела, дефиниции, обемот и пристапот кон диверзитетот и инклузијата.

Посветени сме на креирање средина која го поддржува диверзитетот, каде што секој може да напредува и да искуси чувство на припадност. Ова е континуиран процес што наложува сите вклучени да се свесни и да имаат одреден степен на одговорност во негувањето здрава култура во компанијата што обезбедува безбедна средина за секого. Значајно достигнување за нашата индустрија е учеството на жените од 40% во Одборот за управување.

## Добросостојба на вработените

Продолжуваме да ја надградуваме нашата практика според која луѓето се на прво место и да нудиме иновативни програми што им помагаат на вработените и придонесуваат за нивната добросостојба. Во рамките на нашите цели во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување за 2025 година, се трудиме да создадеме безбедна и здрава работна средина и да воведеме иницијативи што се однесуваат на добросостојбата на нашите вработени. Нашите иницијативи и програми за добросостојба се поделени во 4 категории: физички, ментални, општествени и финансиски.

### Физички

1. Достапен доктор од компанијата
2. Лекарски прегледи
3. Обезбедување капацитети за спортски активности по завршување со работа
4. Спортмастер клуб-картичка

### Општествени

1. Семеен ден со вработените
2. Отворен ден
3. Тим-билдинг за учесниците во Програмата за професионален развој
4. Крводарителски активности
5. Новогодишна прослава
6. Скопски маратон
7. Подароци за Денот на жената за вработените жени

### Финансиски

1. Медицински план за сите вработени
2. Бесплатен оброк во мензата во фабриката
3. Ваучери за супермаркет
4. Стипендии за децата на вработените
5. Ваучери за книги за почеток на учебната година за децата на вработените
6. Финансиска помош за вработени и/или за членови на семејството
7. Новогодишни подароци за децата на вработените
8. Јубилејни награди за вработените
9. Стипендии за постдипломски студии за нашите вработени

### Ментални

1. Програма за помош на вработените во ТИТАН
2. Кампања за ментално здравје
3. Здравствени обуки: Свесно родителство



Со цел да го поддржи менталното здравје на своите вработени, УСЈЕ во 2023 година организираше две обуки на тема Свесно родителство (270 часа обука)

## Развој на вработените

Нашата цел е да бидеме успешен лидер во цементната индустрија, што зависи од работењето и од развојот на нашите луѓе. Посебно внимание посветуваме да ги задржиме и инспирираме нашите вработени. За таа цел, постојаниот развој на нашите луѓе е клучен деловен приоритет, исто така вложуваме во иницијативи за подобрување на здравјето и безбедноста и дигиталните вештини на луѓето. Преку овие програми за учење, нашите вработени може да ги прошират своите знаења, да совладаат нови вештини и да ги поддржат деловните промени.
Инвестираме во развојот на вештините и во способностите на нашите вработени за да го поддржиме долгорочниот раст на нашата организација. Дигитализацијата на процесите отвара можност за дополнителни начини за инвестирање во доусовршување и усовршување на нашите вработени и помладата генерација во земјава.

**„Програма за лидерство за нови менаџери“**
Ја воведовме Програмата за развој на лидерство на Групацијата ТИТАН, во која учествуваат менаџерот за електро одржување, менаџерот за здравје и безбедност и раководителот за машинско одржување печки, мелници за суровини и за цврсто гориво. Програмата за лидерство за нови менаџери, беше подготвена,



воведена и реализирана во текот на 2023 година. Се одржаа обуки за нови менаџери, по што следуваа поединечните сесии со секој учесник.

**Клучни показатели за развој на вработените во УСЈЕ за 2023 година**

- Вкупен број часови обука – 16.353
- Број обучени вработени – 262
- Просечен број часови обука по вработен – 69 часа

Фокус област:
Позитивно локално влијание

# **Материјално прашање:** Управување со локалните влијанија врз животната средина и заштита на природните ресурси

## Нашиот пристап кон управувањето со животната средина

Влијанието врз животната средина и управувањето со животната средина е еден од нашите клучни приоритети на долг рок. Преку постојано спроведување добри еколошки практики и согледување на нашите клучни деловни одлуки, се стремиме да ги минимизираме нашите потенцијални влијанија и да ја заштитиме животната средина на локациите и во заедниците каде што работиме.

Како дел од Групацијата ТИТАН, целосно ги спроведуваме политиките на ТИТАН што обезбедуваат сигурно и транспарентно управување со животната средина во согласност со заедничките најдобри практики. Следењето, мерењето, известувањето, соработката и подобрувањето се само дел од начините на кои се справуваме со еколошките прашања и проблеми. Спроведувањето на нашата политика за животна средина се заснова на воспоставени стандарди за заштита на животната средина и ја покажува нашата посветеност за спроведување и за надминување на најдобрите практики по прашањата што се однесуваат на животната средина. Ние сме добро обучени за интегрирање на спојувања и преземања во нашите процеси на управување со животната средина. Целосно свесни дека нашите деловни активности зависат од користењето на природните ресурси, ние сме посветени на активности што го намалуваат нашето оперативно влијание врз животната средина. Следејќи ја нашата визија за ублажување на влијанијата од нашите активности врз животната средина, се стремиме да бидеме препознаени како една од водечките компании во нашата индустрија за одржувањето и грижата за животната средина.



Меѓународната конференција на Меѓународната асоцијација за цврст отпад (MASWA), посветена на Имплементација на циркуларната економија во управувањето со отпадот, се одржа во Скопје на 29 и 30 мај 2023 година. Менаџерот за животна средина и инженерот за животна средина присуствуваа на оваа конференција. За време на конференцијата, менаџерот за животна средина на УСЈЕ ја модерираше дискусијата на панелот за Искористување на енергијата од отпад и ја сподели експертизата на УСЈЕ во оваа област. Тоа беше уште една можност да се презентираат добри практики за поврзано согорување на претходно обработен отпад во цементни печки.

На Конференцијата свои излагања имаа и министерот за животна средина и просторно планирање, професори од различни универзитети, претставници на регионални и на домашни компании за управување со отпад, како и локални и меѓународни експерти за животна средина.

Како признание за значајната соработка и долгогодишна поддршка на УСЈЕ, компанијата имаше чест да биде наградена со плакета по повод 10-годишниот јубилеј на Меѓународната асоцијација за цврст отпад.

# Следење на емисиите

**Посветени сме на намалување на ефектите од нашите емисии во воздухот, како заради заштита на нашите заедници и заштита на животната средина, така и заради долгорочната одржливост на нашата компанија. Примарните емисии во воздухот што се резултат на нашето работење се прашина, $SO_X$ и $NO_X$. Емисиите на прашина може да се од извори какви што се ископување (рудници), чување материјали на отворено, транспорт на материјали, товарање и растоварање, како и оџаци за производство на цемент, кои се под постојан надзор. При согорувањето на горива се ослободува $NO_X$, додека $SO_X$ произлегува од суровините, а еден помал процент произлегува од горивата. Следењето на емисиите во воздухот што произлегуваат од нашето работење, претставува предуслов за контрола и за намалување на влијанијата врз животната средина. УСЈЕ има воведено систем за континуирано следење на емисиите (CEMS), кој на компанијата ѝ овозможува одблиску да ги следи емисиите во реално време и да презема соодветни дејства, а со тоа и да обезбедува постојани и ажурирани податоци за своето работење. На својата веб-страница УСЈЕ редовно ги објавува ажурираните податоци од мониторингот, вклучувајќи ги и извештаите за месечни и неделни емисии од главните извори на емисии. Извештаите на УСЈЕ се усогласени со Насоките за мониторинг на емисии и известувања. Материјалните прашања посочени од нашите засегнати страни се следење на емисиите на стакленички гасови (GHG) што имаат глобално влијание и сите други емисии во воздухот.**

## Прашина

Оџаците на печките се едни од главните извори на емисии на прашина во фабриките за цемент. За време на годишниот ремонт на Печката бр. 3 и Печката бр. 4 беше извршена замена на филтрите на ладилниците за клинкер. Промената беше направена со цел модернизација на постојните системи, т.е. замена на постојните електростатски филтри со современи пневматски врећести филтри. Овој вид систем за филтрирање издувни гасови од ладилниците за клинкер се смета за Најдобра достапна технологија (BAT - Best Available Technology) и е позната практика во цементарниците низ светот. Замената на филтрите беше превентивна. И покрај фактот што постојните филтри ги исполнуваат барањата за максимални гранични вредности за прашина, Групацијата ТИТАН одлучи да инвестира во нови, посовремени филтри. Во 2023 година, годишните емисии на прашина за Печката 3 и Печката 4 изнесуваа 6,2 и 5,54 тони. Се забележува значителна разлика помеѓу количината емисии на прашина и максималните гранични вредности наложени со локалните и законските регулативи на Европската унија. Вообичаените концентрации на прашина од Печката 3 и Печката 4 се 7,08 mg/Nm³, односно 4,64 mg/Nm³, додека, пак, максималната дозволена граница (MLV – Maximum limit value) изнесува 30 mg/Nm³.






## $SO_x$

Емисиите на $SO_x$ вообичаено се создаваат поради присуство на сулфур во суровините. Максималните гранични вредности наложени со локалните и законските регулативи на Европската унија се значително повисоки во споредба со емисиите на $SO_x$ во УСЈЕ. Во 2023 година, максималната дозволена граница (MLV – Maximum limit value) на $SO_x$ изнесуваше 400 mg/Nm³, со просечни концентрации од 64,76 mg/Nm³ за Печката 3 и 94,40 mg/Nm³ за Печката 4. Како резултат на нашите заложби, во 2023 година емисиите на $SO_x$ за Печката 3 изнесуваа 53,17 тони, а емисиите на $SO_x$ за Печката 4 изнесуваа 36,53 тони.




## $NO_x$

Како резултат на високите температури при согорувањето доаѓа до емисии на $NO_x$. Емисиите на $NO_x$ за Печката 3 и Печката 4 во 2023 година изнесуваа 324,10 тони, односно 504,30 тони. Вкупните емисии на $NO_x$ беа во рамките на ограничувањата (MLV – Maximum limit value) утврдени од регионалните законодавства и законодавството на Европската Унија. Националните максимални гранични вредности (MLV) изнесуваат 800 mg/Nm³, додека просечната концентрација на $NO_x$ за Печката 3 изнесуваше 420,22 mg/Nm³, односно 478,70 mg/Nm³ за Печката 4. Искористувањето различни горива и воведувањето селективна некаталитичка редукција (SNCR), доведоа до намалување на емисиите на $NO_x$ кај двете печки.



# Мерење бучава

Како и кај повеќето индустрии, производството на цемент создава бучава како резултат на користењето различни машини, транспортот на материјали итн. Нашата фабрика се наоѓа во индустриско и станбено опкружување со прометни сообраќајници во близина, а со тоа е тешко да се направи разлика помеѓу бучавата што се создава како резултат на работењето на УСЈЕ и надворешните извори на бучава, како што се сообраќајот и други индустриски активности. Нивоата на бучава евидентирани кај рудниците и кај мерните станици во рамките на кругот на фабриката, не ги надминуваат пропишаните дозволени ограничувања. Иако бучавата што се создава како резултат на нашето работење не ги надминува законските ограничувања, УСЈЕ сепак продолжи со своите заложби за намалување на бучавата и во 2023 година како дел од нашата мисија да бидеме подобри и да го намалиме нашето влијание врз животната средина.

# Биодиверзитет и управување со земјиштето

УСЈЕ продолжува со своите заложби за зачувување на биолошкиот диверзитет на сите растителни и животински видови на целата своја територија. Наша обврска е да го зачуваме биодиверзитетот во сите наши области, да го подобриме капацитетот на екосистемите за приспособување на постојаните закани и екстремните временски услови, како и да поттикнеме промена кон позелена економија. Покрај ова, ние постојано се стремиме за добро управување со биодиверзитетот во сите наши релевантни локации, но исто така се стремиме да ги подобриме и природните системи што се наоѓаат надвор од опсегот на нашето работно делување. Ова го правиме со здружени сили со нашите засегнати страни, меѓу кои Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг во Скопје, а во насока на активна вклученост во промовирањето мерки за биодиверзитет. Сеопфатните процени на фабриката за влијанија врз животната средина и планови за санација на рудниците во рамките на рударските проекти ги опфаќаат сите аспекти на развојот, работењето и ставањето вон употреба на конкретни области на фабричко земјиште и рудници. Во 2023 година, во соработка со Факултетот за шумарски науки, ги завршивме плановите за санација на новоотворените рудници Три круши и Цепенка. Го зачувуваме биодиверзитетот на нашата цела област, со садење посебни култури што се соодветни за односниот дел (автохтони видови) и се грижиме за нивниот раст и развој.

Во рамките на овие заложби, подигнавме зелен појас на зимзелени дрвја околу фабриката. Во еден дел од кругот на Цементарница УСЈЕ имаме расадник за одгледување и производство на неопходниот расадочен материјал и за реализација на целите што се утврдени во односните студии и планови за санација. Резултатите од овие долгорочни заложби во поглед на реализацијата на овие планови се веќе видливи во големиот број садници што се засадија во кругот на фабриката и во рудниците. Сите активности во однос на санација на рудниците и управување со биодиверзитетот се во согласност со релевантните Упатства за одржливост на Глобалната асоцијација за цемент и бетон. Почнувајќи од 1998 година, се засадија или се донираа на трети лица повеќе од 450.000 дрвца. Во 2023 година, покрај садењето во фабричкиот круг, се изведе и санација на рудникот за лапорец во Усје, рудникот за варовник во Говрлево и рудникот за природни пуцолани во Спанчево во согласност со планираната програма и активности за санација. Според процената на ризици по биодиверзитетот, која во 2020 година се спроведе на сите локации на Групацијата со користење на Интегрираната алатка за процена на биодиверзитетот (IBAT, https://ibatalliance.org/), ниеден од рудниците на УСЈЕ не беше идентификуван како да е во близина на или дел од област со висока вредност во однос на биодиверзитетот. Оттаму, за нашите локации не се потребни конкретни планови за управување со биодиверзитетот.

# **Материјално прашање:** Продолжување на соработката и придонесот кон одржливост на заедниците

Во 2023 година УСЈЕ ја продолжи соработката со засегнатите страни и придонесот кон одржливоста на заедниците. УСЈЕ спроведува иницијативи што ги следат насоките од Групацијата ТИТАН и се приспособени на локалните потреби. Следејќи ја Групацијата ТИТАН, целиме кон планови за вклучување на заедницата што соодветствуваат на материјалните прашања за засегнатите страни и Целите за одржлив развој на Обединетите нации за 2030 година.

Во 2023 година УСЈЕ спроведе повеќе од 32 проекти и иницијативи за вклучување и развој на заедницата. Повеќе од 3.300 луѓе во нашите локални заедници имаат директни или индиректни придобивки од нашите иницијативи.

Направивме проценка на сите 32 иницијативи што се дел од нашиот план за вклучување на заедницата, следејќи ги внатрешните критериуми на системот за ESG перформанси на ТИТАН и во согласност со насоките на Групацијата ТИТАН за планови за вклучување на заедницата. Проценката има за цел да обезбеди УСЈЕ да постигне високо ниво на усогласеност со материјалните прашања кои се важни за нашите засегнати страни и за нашите деловни активности.



## Поттикнување развој на заедницата

УСЈЕ придонесува за позитивно, директно и индиректно економско влијание врз домашната економија. Известуваме за „локалните набавки“, односно за уделот на домашните добавувачи во вкупните набавки, во согласност со стандардите на ТИТАН и Упатствата на Конференцијата за трговија и развој на Обединетите нации (UNCTAD). Набавките од локални добавувачи во вкупните набавки за 2023 година изнесуваа 66,04%. УСЈЕ се стреми најмалку две третини од сите набавки да бидат насочени кон домашните добавувачи. Тоа го постигнуваме преку спроведување различни проекти и избирајќи да работиме со домашни компании, под услов да се исполнети сите услови од политиката за набавка.



УСЈЕ континуирано гради партнерства и соработува со деловни субјекти, граѓански асоцијации и институции. Во овие рамки, во текот на 2023 година УСЈЕ беше дел од многу иницијативи.

- УСЈЕ потпиша документ за членство во Клубот на одговорни бизниси, кој претставува платформа за водечки компании што водат одржлив бизнис, обезбедувајќи развој на вработените, на заедницата и на општеството. Со членството се обединуваат бизнисите и заедниците така што се нудат можности за колективно вклучување во одржливи акции. Цементарница УСЈЕ го потпиша документот за членство заедно со 36 други компании членки, обврзувајќи се за одржлив развој и донесување деловни практики што се одликуваат со транспарентност, еколошка свест, инклузивност и почитување кон заедниците во кои работиме и инвестираме. Клубот на одговорни бизниси беше обновен под покровителство на претседателот Стево Пендаровски, во рамките на проектот финансиран од УСАИД, а го спроведе Конект во партнерство со Европскиот центар за непрофитно право, Американската стопанска комора (AmCham) и останати асоцијации и бизниси.
- Соработка со Американска стопанска комора во Северна Македонија (AmCham). Зајакнување на одржливо деловно опкружување беше темата на ESG Конференцијата на AmCham, каде што нашиот Менаџер за човечки ресурси и корпоративна општествена одговорност беше панелист, истакнувајќи ги нашите проекти и општествен ангажман во рамките на целите во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување.
- УСЈЕ е активен член на Координативното тело за општествена одговорност при Министерството за економија во врска со соработката за проекти за зајакнување на општествено одговорните практики во јавниот и во приватниот сектор. Овие проекти  вклучуваат активности меѓу кои: подготовка и развој на стратегија за општествена одговорност, поттикнување на воведувањето општествено одговорни практики меѓу компаниите и промовирање на водечките начела на Обединетите нации.
- УСЈЕ учествуваше во Донаторскиот кружок, организиран под мотото „Приклучи се, планирај, донирај!“, кој им овозможува на граѓаните планирано и промислено да донираат во




доверливи граѓански организации, кои се посветени на создавање позитивни промени. За оваа пригода, УСЈЕ учествуваше со симболична сума. Понатаму, УСЈЕ беше дел од дискусијата и проверката на апликациите на организациите што имаат цел да го добијат или да го одржат „Знакот на доверба".

- Практикантска работа и студиски посети. Во 2023 година продолживме со програмата за практикантска работа, при што примивме 16 практиканти што го стекнаа своето прво работно искуство во нашата компанија, додека 2 поранешни практиканти беа вработени. Обезбедивме и студиски посети во различни делови на фабриката за 67 студенти.

| Вкупен број практиканти во 2023 година | Машки | Женски |
|---|---|---|
| 16 | 11 | 5 |

**Фокус област:** Одговорно управување со ресурсите

# **Материјално прашање:** Декарбонизација, енергетска ефикасност и отпорност на деловниот модел

## Енергетска ефикасност

Следејќи ја нашата цел за јаглеродна неутралност низ целиот синџир на вредности и обезбедувајќи сигурни идни енергетски ресурси за општеството, значително се потпираме на енергетската ефикасност и зголемување на употребата на енергија создадена од обновливи извори. Се залагаме за подобрување на енергетската ефикасност и зголемување на декарбонизацијата. Ова го постигнуваме со креирање различни пристапи за дигитализација, оптимизација на производствениот процес итн.
Следејќи ги барањата на стандардот ISO 50001:2018, во 2023 година се реализираа неколку проекти за подобрување на енергетската ефикасност. Завршувањето на инсталацијата на соларни панели и пуштањето во употреба беше главниот проект во Цементарница УСЈЕ. Во насока на обезбедување одржлив развој, Цементарница УСЈЕ инвестираше во фотоволтаична централа со инсталирана моќност од 3 MWp.

Вкупната инвестиција за реализација на овој проект изнесува повеќе од 2 милиони евра, а се планира да замени околу 10% од дневната потрошувачка на електрична енергија на фабриката УСЈЕ со соларна енергија, односно со обновлива енергија. Компанијата ќе го користи за свои потреби целокупното производство на електрична енергија од фотоволтаичната централа. Во оваа фаза, сите фотоволтаични панели се поставени на покривна површина од приближно 15.000 m². Се разгледуваат и други теренски локации за нови инвестиции во следната фаза.





## Управување со водите

УСЈЕ секогаш се стреми кон минимизирање на употребата на вода за пиење и зголемување на нејзината повторна употреба. Со цел да се намали количината на вода што е земена од природни ресурси, спроведуваме иницијативи каква што е примената на разладни системи со затворено коло заедно со повторна употреба на водата од езерцата и од таложниците. Суштински дел од нашето еколошко работење е управувањето со водите, кое помага да се подобри квалитетот на водните ресурси во нашите капацитети и во околните области.
Остануваме посветени на зачувување на водата како природен ресурс, како што е наведено во нашата стратегија за одржливо управување со водите:

- Автоматско следење на исцрпените количини подземни води, што овозможува брза реакција во случај на оштетувања на мрежата и загуби на вода;
- Одвојување на водата од канализацијата од атмосферската вода и нејзино испуштање во градската канализациска мрежа;
- Затворен систем за филтрирање и рециклирање индустриска вода (за ладење на опремата);
- Повторна употреба на водата од таложниците и од езерцата за чистење патишта и машини;
- Водата од градската водоводна мрежа се користи само за санитарни потреби (вода од класа 1);
- Собирање атмосферска вода и вода што се користи за миење на улиците од фабриката во отворени канали и таложници и нејзино прочистување во пречистителната станица за атмосферски отпадни води пред испуштање.

Поголемиот дел од водата што се користи во фабриката УСЈЕ е наменета за еколошки дејности (отстранување прашина од улиците, наводнување зелени површини итн.), додека само минимални количества вода се потребни за технологијата што се користи за производство на цемент. Во УСЈЕ, нашите упатства за квантитативна процена и евиденција во однос на потрошувачката на вода се усогласени со Упатствата за одржливост на Глобалната асоцијација за цемент и бетон (GCCA)*.
Во 2023 година УСЈЕ исцрпи вкупно 232.203 $m^3$ вода (за производство на цемент и клинкер), од кои 30.428 $m^3$ беа од јавната комунална водоводна мрежа и 201.775 $m^3$ од нашите бунари за вода. Од оваа количина, 31.237 $m^3$ вода искористија трети лица што вршат дејности на имотот на УСЈЕ и не се поврзани со нашето работење.

## Управување со отпадот

Напорно работиме за да го намалиме отпадот во нашите процеси и да ја подобриме контролата на отпадот во текот на целиот наш производствен процес. Посветени сме на примена на сите прописи што се однесуваат на одговорно и безбедно постапување со отпадните материјали. Нашите техники за намалување на отпадот, обезбедуваат зголемување на ефикасноста на ресурсите, како и помали емисии и индустриски отпад. Ова вклучува намалување на количината на создадениот материјален отпад и подобрување на ефикасноста на процесот со реупотреба на рециклираните материјали. Како резултат на процесот на УСЈЕ за производство на клинкер и цемент, не се создава отпад или нуспроизвод. Сите филтри во фабриката се поврзани со снабдувањето со суровинско брашно што ни овозможува повторно да ги користиме цементот и клинкерската прашина создадени во фабриката.
Двата главни извори на цврст отпад се отпадот од пакување на производите и одржувањето на фабриката. Селектирањето на отпадот се врши кај неговиот извор во согласност со најдобрите достапни практики. Истиот отпад се собира и се складира на посебни локации. Создадениот отпад во фабриката се предава на овластени и лиценцирани компании за дополнително рециклирање.
Во текот на нашето работење во 2023 година генериравме вкупно 5.098,86 тони отпад, од кои 4.356,54 тони беа рециклирани или интерно искористени (во суровинското брашно), а 585 тони беа испратени во овластени центри за рециклирање, додека 159 тони беа депонирани.
Политиката за животна средина на Групацијата останува сосредоточена на управување со отпад, енергија, повторна употреба и рециклирање. Целиот истечен материјал се мери, се собира и се враќа во процесот.

** Упатствата за одржливост на Глобалната асоцијација за цемент и бетон (GCCA) за следење и известување за водата во производството на цемент*

# **Материјално прашање:** Градење доверба со нашите купувачи и унапредување на нивното задоволство

Во 2023 година, во своето портфолио на производи УСЈЕ понуди нов еко-цемент, кој претставува зелен цемент со помала количина клинкер, чие производство предизвикува помал јаглероден отпечаток.
За да ја постигнеме таа успешна трансформација, понудивме и имплементиравме детална техничка поддршка, поддржувајќи ги нашите купувачи да најдат соодветни решенија со користење на нашите висококвалитетни производи.
Иако 2023 година беше тешка година, ние како и секогаш произведовме стабилни и трајни производи и решенија и ги спроведовме нашите одлуки и активности врз основа на нашите клучни начела за интегритет, транспарентност и деловна етика. Зацртавме големи амбиции и стремежи, да продолжиме кон комерцијална трансформација, преку зголемени инвестиции и иновации, како и целосна дигитализација. Преку ова, допираме до секој сегмент на пазарот и обезбедуваме соработка со крајните купувачи.
Обезбедувањето повратни информации директно од купувачите, помага да разбереме колку нашите производи ги исполнуваат нивните очекувања. Анкетата на купувачите беше спроведена од претставниците за продажба кон крајот на 2023 година и во јануари 2024 година опфаќајќи репрезентативен примерок од 109 купувачи (59 за пакуван цемент и 50 за рефузен цемент). Општиот резултат од евалуацијата е одличен квалитет на нашите производи и висок резултат во однос на задоволството на купувачите. Анкетата на купувачите е проактивна и стратегиска алатка за нашата дејност, со цел да ги разбереме купувачите, да ги подобриме нашите понуди и пазарното портфолио, да ја одржиме конкурентноста и да поттикнеме долгорочни односи со купувачите.
УСЈЕ успешно ја имплементираше апликацијата TitanUp, која е најнова иновација што го подобрува искуството на купувачите. Оваа едноставна и практична апликација е дизајнирана да го поедностави процесот на порачка на цементни производи, обезбедувајќи им на купувачите погоден и ефикасен начин за управување со нивните барања. Во 2023 година, 92% од нашите купувачи за пакуван цемент и 98% од купувачите за рефузен цемент, беа задоволни од апликацијата TitanUp.

Придобивките од оваа апликација го вклучуваат следното:

- **Каталог на производи:** Разгледување на нашиот сеопфатен каталог на производи со детални информации за нашиот асортиман на производи, вклучително спецификации, цени и достапност.
- **Процес на порачка:** Олеснети порачки преку апликацијата, со неколку едноставни избирања. Се наведуваат количините, датумите на испорака и сите дополнителни барања за да се приспособат порачките на купувачите според нивните потреби.
- **Историјат на порачки и нивно следење:** Се пристапува до историјатот на порачки и се следи статусот на тековните порачки во реално време. Оваа транспарентност им овозможува на купувачите да го следат напредокот на испораките и соодветно да планираат.
- **Опции за приспособување:** Порачките се приспособуваат на специфичните барања на купувачите со избирање различни опции за приспособување, кои се достапни во апликацијата, без разлика дали станува збор за специфични преференции во однос на пакувањето или за насоки за испорака.
- **Подготовка на фактури:** Генерирање фактури во истиот момент на порачката, што го прави процесот на плаќање брз и без непријатности. Сите детали за трансакцијата се безбедно зачувани во апликацијата за попрактична примена.
- **Известувања и предупредувања:** Се обезбедуваат тековни информации со навремени известувања и предупредувања во врска со потврди на порачките, детали за испраќање и сите други релевантни информации.

# **Материјално прашање:** Одржлив и стабилен синџир на набавки

Синџирот на набавки на УСЈЕ е сочинет од различни деловни партнери што ни обезбедуваат услуги (како изведувачи) и производи (како добавувачи). УСЈЕ се стреми да гради силни и трајни релации со изведувачите и добавувачите, засновани на доверба и заемни придобивки. Активно ја промовираме нашата посветеност на начелата на Глобалниот договор на Обединетите нации (UNGC) и истовремено ги охрабруваме нашите деловни партнери да се обврзат на почитување на начелата преку Општите услови за набавка.

Ориентирани сме кон соработка со локални изведувачи и добавувачи, што придонесува за заедницата во која работиме преку создавање можности за локален деловен развој, а со тоа и јакнење на стабилноста на постојните работни места и создавање нови.

Во 2023 година, Групацијата ТИТАН обезбеди прашалник за сите деловни единици за евалуација на резултатите во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување на нашите добавувачи, како и Упатство за овој процес. Според критериумите во Упатството, УСЈЕ подготви список на добавувачи што се погодни за евалуација на ESG стандардите (животна средина, придонес кон општеството и корпоративно управување); 15 добавувачи беа погодни за евалуација, но врз основа на нашата процена, го проширивме списокот на 22 добавувачи. На прашалникот одговорија 15 добавувачи, што значи дека стапката на одговор беше 100%, во споредба со почетниот список или 68% во споредба со дополнетиот изборен список.

### Кодекс на однесување и Упатства за набавки на Групација ТИТАН

Уште во 2022 година, Групацијата ТИТАН го ажурираше својот Кодекс на однесување за набавки. Во документот е нагласено правичното постапување со сите добавувачи. Со Кодексот на однесување за набавки се утврдуваат начелата и стандардите со кои се регулираат постапките и однесувањето на сите вклучени лица во кој било процес на набавка, потврдувајќи ја посветеноста на Групацијата на одржливост и одговорно управување со синџирот на набавки.



# Добро управување, транспарентност и деловна етика

**Со одржување сигурни и балансирани процеси на корпоративно управување, нашата цел е да обезбедиме јасни нивоа на одговорност и одлучување. Нашите корпоративни вредности, одржливиот развој и очекувањата на нашите засегнати страни се земаат предвид при донесувањето на сите наши деловни одлуки.**

## **Материјално прашање:** Добро управување и деловна етика

Во УСЈЕ доброто управување е од суштинско значење за нашиот долгорочен успех, одржливост и етичко работење. Тоа ги вклучува процесите, практиките и структурите со кои се насочуваме, контролираме и носиме одговорност за да ги постигнеме нашите цели, притоа имајќи ги предвид интересите на различните засегнати страни. Нашата деловна етика опфаќа голем број теми, вклучително чесност, интегритет, транспарентност, корпоративна општествена одговорност и постапување со вработените, купувачите и другите засегнати чинители.

## Борба против поткуп и корупција

3. Просечната бројка на часови обука по вработен и по година во однос на Политиките и Внатрешните регулативи на ТИТАН (при што приоритет се дава на Кодексот на однесување, Политиките за човекови права, Политиките против поткуп, GDPR, но оваа листа не е целосно исцрпена). KPI се пресметува како вкупна бројка на часови обука за предметната материја поделена со вкупната бројка на вработени. ТИТАН ги категоризира овие предметни материи на обука под општата предметна област: „Усогласеност" (видете ја Табелата 2.2 „Фокус област: Работно опкружување што овозможува раст", во однос на KPI „Часови обука по предметна материја, вкупно на ниво на Групацијата"). ТИТАН го приложува и вкупниот број часови обука против поткуп и корупција во 2023 година, поврзан со горенаведеното. Овие податоци се извлечени од системот за управување со човечки ресурси во секоја земја и се консолидирани на ниво на Групацијата следејќи ги истите правила и практики како горенаведените податоци за обуките за усогласеност.

## Дополнителни забелешки

4. ТИТАН не работи во или во близина на области на конфликт, според податоците на Програмата за податоци за конфликти во Упсала UCDP - видете ја веб-страницата: Програма за податоци за конфликт во Упсала (uu.se).

5. ТИТАН спроведе унапреден процес на добивање повратни информации од нашите засегнати страни во сите земји во кои работиме преку промовирање на принципите на отворена и структурирана комуникација и имплементираше проект за потврдување на постоечката матрица на материјалност на ниво на секоја ДЕ. За повеќе детали, видете го делот „Фокусирање на материјалните прашања" од овој извештај и, поконкретно, „Динамична материјалност". За резултатите од Проектот за валидација на материјалноста на ДЕ-ци за 2022, видете ја Табелата 1.1 „Материјални прашања", дел од ESG известувањето за резултатите.
За позадинската работа: Подготвителната работа на анализирањето и оценувањето на Процената на материјалноста за сите земји во кои работиме беше завршена во 2020 година, вклучувајќи го и насоченото истражување во секоја земја од трета страна. Овој процес овозможи вклучување на раководството на ТИТАН во секоја земја и длабинска анализа на ниво на ДЕ во однос на човековите права и правата на домородните народи и можните конфликти поврзани со тоа. Со истражувањето на ниво на земја се заклучи дека не се појавиле или не се очекуваат прашања на конфликт во однос на горенаведеното. Ниту една нова информација за оваа тема не беше забележана во печатот/медиумите во ниту една од земјите на нашето работење, ниту во 2022 ниту во 2023 година.

6. Во 2023 година, ТИТАН го продолжи развојот со функционирање на посветена е-платформа на Групацијата со која се евидентираат нашите иницијативи и активности на заедницата на сите нивоа на ДЕ, и со која се олеснуваат самооценувањето и усогласувањето на ДЕ-ци со целите и клучните приоритети на Групацијата. Плановите за вклучување на заедницата се спроведуваат во сите земји каде што работиме, и во нив се вклучени програмите за иницијативи за придонесување кон одржливоста на локалните заедници и зајакнување на вклученоста на нашите засегнати страни, во насока на долгорочно позитивно влијание за заедниците и општеството. Видете го делот „Општествено позитивно влијание" во Извештајот за управување за процена на иницијативите за вклученоста на заедницата на ТИТАН во сите земји во кои работиме во 2023 година.
Во 2023 година, не беа регистрирани инциденти во врска со затворање на локацијата или доцнење со проектите поради фактори од нетехничка природа, како што се оние кои произлегуваат од очекување на регулаторните дозволи или други политички доцнења поврзани со загриженост на заедницата, отпор или протест на заедницата или засегнатите страни и вооружен конфликт.

**Забелешки за поврзаноста на KPI и другите објави со SASB Стандардите**
- Објавите во Белешка 6 (погоре) за процентот на вработени опфатени со спогодбени колективни договори и бројот и времетраењето на штрајковите и отпуштањата ги опфаќаат барањата за известување во согласност со SASB Стандардите за темата (областа) „Работни односи" и поконкретно метриката (KPIs) EM-MM-310a.1 и EM-MM-310a.2.

| 2.5.3 | ESG Политики и Кодекс на однесување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Политики на Групацијата | Нови или ре-види-рани во 2023 | Најрелевантни фокус области на ТИТАН | | | | |
| | | Декарбонизација и дигитализација | Работно опкружување кое овозможу-ва раст | Пози-тивно локално влијание | Одговорно управување со ресурсите | Добро управување, транспарентност и деловна етика |
| Кодекс на однесување | | | ● | | | ● |
| Кодекс на однесување за набавки | √ | | | ● | ● | ● |
| Политики на Групацијата | | | | | | |
| Политика против поткуп и корупција | | | | | | ● |
| Политика за усогласеност со Законот за конкурентност | | | | | | ● |
| Политика за конфликт на интереси | | | | | | ● |
| Политика за корпоративна општествена одговорност (CSR) | | | | ● | | |
| Политика за заштита на лични податоци | | | ● | | | ● |
| Политика за диверзитет и инклузија | √ | | ● | | | |
| Политика за животната средина (вклучително и климатски промени) | | ● | | ● | ● | |
| Политика за човекови права | | | ● | ● | ● | ● |
| Политика за информациска сигурност | | ● | | | | ● |
| Политика за безбедност и здравје при работа (БЗР) | | | ● | | | |
| Политика за набавки | | | | ● | ● | |
| Политика за санкции | | | | | | ● |
| Политика за укажувачи | | | | | | ● |

| 2.5.9 | Секторски стандарди за нефинансиски објави во 2022 | |
|---|---|---|
| Секторско здружение или иницијатива | Упатства или други референтни документи | Објавено |
| GCCA[1] | Повелба за одржливост | Последно издание (публикации помеѓу 2019 и 2021) |
| | Упатства од Рамката за одржливост | |
| | Упатства за одржливост за следење и известување за безбедноста на производството на цемент и бетон. Овој документ е договорен со GCCA да има проширена примена за бетонот и останатите сродни дејности [Столб 1] | |
| | Упатства за одржливост за следење и известување за емисиите на $CO_2$ при производството на цемент [Столб 2] | |
| | Упатства за одржливост за следење и известување за водата при производството на цемент [Столб 4] | |
| | Упатства за одржливост за следење и известување за емисиите при производството на цемент [Столб 4] | |
| | Упатства за одржливост за ко-обработката на горива и суровини при производството на цемент [Столб 5] | |
| | Упатства за одржливост за санација на рудници и управување со биодиверзитетот [Столб 4] | |
| | Упатства за одржливо управување со синџирот на набавки [Столбови 1, 3 и 5] | |
| Дополнително на GCCA стандардите: (Претходно) WBCSD/CSI | Препорачани добри практики за: (а) Безбедност на изведувачите и (б) Безбедно возење | 2009 |
| | Упатство за сметководство и известување за стакленички гасови за Цементниот сектор Опсег 3 | 2016 |
| UNCTAD[2] | Упатство за основните индикатори за одржливост и известување за влијанието врз Целите за одржлив развој | 2022 |
| UNGC COP[3] | Водич за прашалник за COP | 2022 |

## Забелешки

1. Глобалната асоцијација за цемент и бетон (GCCA) ја има изградено својата Повелба за безбедност врз основа на пет (5) Столба на одржливост со цел опфаќање на целосниот спектар на одржливост за своите работни цели:
Столб 1: Безбедност и здравје, Столб 2: Климатски промени и енергија, Столб 3: Општествена одговорност, Столб 4: Животна средина и природа и Столб 5: Циркуларна економија. Терминологијата на „Столбовите“ се однесува на GCCA Повелбата на заложби за компаниите-членки, а детали се достапни во Повелбата и Рамковните упатства на веб-страницата на GCCA: https://gccassociation.org/sustainability-innovation/sustainability-charter-and-guidelines/
Во 2023 година, ТИТАН продолжи со напорите да го имплементира Патоказот до нето нула бетон „Конкретна иднина“ GCCA 2050 и се фокусираше на целите SBTi за сценариото од 1,5 степени, истовремено продолжувајќи со активно учество во различни работни групи и придонесувајќи со практично знаење и експертиза, а во согласност со својата работна практика уште од основањето на Секторското здружение.

2. Упатството на UNCTAD обезбедува значајни врски на KPI со најрелевантните Цели за одржлив развој и специфични цели за секоја Цел за одржлив развој и се користи според пристапот за известување на ТИТАН за сите фокус области на декарбонизација и дигитализација, работно опкружување што овозможува раст, Позитивно локално влијание, Одговорно управување со ресурсите и Добро владеење, транспарентност и деловна етика.

3. Упатството на COP на UNGC беше одобрено во 2022 година и се смета за суштинско во известувањето за напредокот во однос на обврските на ТИТАН за Десетте начела од Глобалниот договор на ОН (UNGC). Видете ја табела 2.5.11 за детали за упатствата на UNGC и специфичните врски со KPI и други објави во овој Извештај.
Севкупно: Табелите 2.1, 2.2, 2.3, 2.4, 2.5.1, 2.5.10 и 2.5.11 даваат референци и поврзаности за стандардите според горенаведените белешки (1), (2) и (3).

| 2.5.10 | Индикатори за градење вредности | |
|---|---|---|
| Клучни индикатори за градење вредности[1] | Единица | 2023 |
| Вкупни трошоци за добавувачи, локални, национални и меѓународни за стоки и услуги[2a] | МКД | 3.380.512.142 |
| % на набавки од локални добавувачи[2б] | % | 66,04 |
| Даноци кон националните и локалните власти[3] | МКД | 343.998.014 |
| Општествени инвестиции (во готовина и во вид на производи/услуги) за иницијативи за заедницата | МКД | 235.428 |
| Плати, (придонеси за) пензии и социјални бенефиции, вклучувајќи дополнителни бенефиции надвор од оние предвидени со закон[5] | МКД | 339.051.989 |
| Пракса | # | 16 |
| Капитални расходи[7] | МКД | 563.381.515 |

### Забелешки

Следниве белешки вклучуваат дефиниции за термини кои се користат специјално за градење вредности и дистрибуција до засегнатите страни.

### Забелешки за стандардите, упатствата и користените термини

Повеќето термини кои се однесуваат на Клучните индикатори за градење вредности се усвоени од „Упатствата за клучните индикатори за субјектот кој известува за придонесот кон остварувањето на Целите за одржлив развој" (или скратено Упатства на UNCTAD 2022) и инкорпорирани во стандардите на ТИТАН. Односните поими се изнесени овде и се поврзани со KPI во горниот Индекс. Бројките кои се однесуваат на Клучните индикатори за градење вредности се претставени во „Запознаеност со ТИТАН, Градење и споделување на вредности".

1. Економската вредност која е создадена и испорачана на клучните засегнати страни и пресметана со примена на Упатствата за клучните индикатори UNCTAD на ОН за субјектот кој известува за придонесот кон осварувањето на Целите за одржлив развој" (издание од 2022).

2a. Во согласност со Стандардите на ТИТАН и примената на Меѓународните стандарди за финансиско известување и во согласност со пристапот за „% на локални трошоци на ТИТАН".

2b. Соодносот на потрошените износи на локални добавувачи во однос на вкупно потрошените износи кон сите добабувачи, изразен како процент. Трошоците за локални набавки се општ индикатор за опсегот на поврзаност на субјектот со локалната економија (Упатства на UNCTAD, 2022). „Локално" се однесува на добавувачите кои обезбедуваат добра и услуги за ТИТАН и кои имаат национален даночен број во дадената држава на интерес, која држава е иста како државата на ДЕ на ТИТАН и нејзиниот национален даночен број. Во случај на држави со владина структура од типот на федерација на држави, а ова конкретно се однесува на САД каде различните соединети држави имаат локални влади и огромен географски опфат, терминот „локално" се однесува на оние добавувачи со даночен регистарски број на деловниот субјект во истата држава како оној на деловната единица или на локацијата каде се изведуваат операциите, а исто така и во државите кои се соседни со државите на ДЕ или локацијата на операциите (дефиницијата е применлива за операциите на ТИТАН во САД за погоренаведените бројки на KPI). ТИТАН ги објавува односните бројки за KPI во Табелата 2.3 од Стандардите за резултатите во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување.

3. Во согласност со Стандардите на ТИТАН и примената на Меѓународните стандарди за финансиско известување, видете ги Финансиските извештаи.

4. „Општествена инвестиција" како вкупно потрошени износи во готовина и во вид на производи/услуги, и инвестиции на финансии (расходи за капитал и обртен капитал) за иницијативите за заедницата на ДЕ на ТИТАН. За повеќе детали, видете ја Табелата 2.3.2 која се однесува на Плановите за вклучување на заедницата. Целните корисници беа засегнатите страни во пошироките заедници, додека вработените во ТИТАН од локалните заедници беа вклучени како корисници на конкретни иницијативи за вклученост на заедницата. Исто така, во однос на Табела 2.3.2, износот на „Донации" се објавува како еквивалентен на добротворни/доброволните донации и инвестиции на финансии (овој пристап е во согласност Упатствата на UNCTAD, 2022).

5. Во согласност со Стандардите на ТИТАН и примената на Меѓународните стандарди за финансиско известување, видете ги Финансиските извештаи.

6. Вкупни расходи вклучувајќи ги директните и индиректните трошоци за обука на директните вработени (опфаќајќи трошоци за хонорар на обучувачи, капацитети за обука, опрема за обука, поврзани трошоци за патување, итн.) кои се изнесени по вработен и по година и расчленети по категорија на вработен (Упатства на UNCTAD, 2022). ТИТАН ги објавува односните бројки на KPI во Табелата 2.2 од Стандардите за резултатите во животната средина, придонес кон општеството и корпоративно управување.

7. Капитални расходи, познати како CapEx, се финансии кои компанијата ги користи за стекнување, надградување и одржување на физичките средства, како што се имот, објекти, индустриски погони, технологија или опрема.

| 2.5.11 | Преглед на напредокот за поддршката на Десетте начела од Глобалниот договор на Обединетите нации (UNGC) | | |
|---|---|---|---|
| Дел[1] | Прашање[1] | UNGC Принципи[1] | Повикување на Извештајот[1] |
| Управување | G1: Вклученост на Одборот/топ менаџментот<br>G2: Јавно искажана посветеност<br>G3: Кодекс на однесување<br>G4: Одговорен поединец или група<br>G5: Формална структура<br>G6 и G.6.1: Процеси за процена на ризик<br>G7 и G7.1: Длабинска анализа<br>G9: Поуки<br>G10: Плаќање на извршната власт поврзана со резултатите на одржливоста<br>G12: Известување за одржливост | 1,7,10 | За Групацијата ТИТАН<br>За извештајот<br>Преглед<br>Клучни показатели за работењето:<br>Добро управување, транспарентност и деловна етика<br>Извештај за корпоративно управување<br>Корпоративно управување и управување со ризик:<br>Изјава за корпоративно управување<br>Преглед на известувањето за резултатите во животната средина, придонесот кон општеството и корпоративното управување (ESG): Добро управување, транспарентност и деловна етика<br>ESG известување:<br>пристапот на ТИТАН во известувањето за ESG резултатите, и Табели 2.5.1, 2.5.3. |
| | G8 и G8.1: Подигнување на загриженост за однесувањето на компанијата | 1,3,7,10 | |
| | G11: Состав на одборот | 1,6 | |
| | G13: Обезбедување информации | 10 | |
| Човекови права[2] | HR1: Материјални теми<br>HR2 и HR2.1: Посветеност на политики<br>HR3: Вклученост на засегнатите страни<br>HR4: Превенција/ублажување<br>HR5: Обука<br>HR6: Процена на напредокот во превенција/ублажување<br>HR8: Практични активности | 1,2 | За Групацијата ТИТАН<br>Преглед<br>Клучни показатели за работењето:<br>Фокусирање на материјални прашања и вклучување на засегнатите страни<br>Извештај за корпоративно управување<br>Корпоративно управување и управување со ризик<br>Преглед на ESG резултатите: Добро управување, транспарентност и деловна етика<br>ESG известување:<br>Табели 1.1., 2.5.1, 2.5.3 - 2.5.7, 2.5.9. |
| Работна сила | L1 и L1.1: Посветеност на политики<br>L2: Вклученост на засегнатите страни<br>L3: Превенција/ублажување<br>L4: Обука<br>L5: Процена на напредокот во превенција/ублажување<br>L9: Зачестеност (фрекфенција) на повреди<br>L10: Стапка на инциденти<br>L11: Корективни активности<br>L12: Практични активности | 3,4,5,6 | За Групацијата ТИТАН<br>Преглед<br>Клучни показатели за работењето:<br>Добро управување, транспарентност и деловна етика<br>ESG резултати<br>Извештај за корпоративно управување<br>Корпоративно управување и управување со ризик<br>Преглед на резултатите на ESG: Добро управување, транспарентност и деловна етика<br>ESG известување:<br>Табели 2.2.1, 2.2.2., 2.2.3, 2.5.1, 2.5.3 – 2.5.7, 2.5.9. |
| | L1.2: Слобода на здружување и колективно договарање<br>L6: Спогодбени колективни договори | 3,4,6 | |
| | L7: Жени на раководни позиции | 6 | |

| Дел[1] | Прашање[1] | UNGC Принципи[1] | Повикување на Извештајот[1] |
|---|---|---|---|
| Животна средина | E1 и E1.1: Посветеност на политики<br>E2: Вклученост на на засегнатите страни<br>E3: Превенција/ублажување<br>E4: Процена на напредокот во превенција/ублажување<br>E4.1: Цели и насоки<br>E4.2: Мерење на напредокот во однос на целите<br>E6: Емисии на стакленички гасови<br>E6.1: Детали за емисиите на Опсегот 3<br>E14: Конверзија на природни екосистеми<br>E16: Загадување на воздухот<br>E17: Отпад<br>E18: Опасен отпад | 7,8 | За Групацијата ТИТАН<br>Преглед<br>Клучни показатели за работењето<br>ESG резултати<br>Извештај за корпоративно управување<br>Корпоративно управување и управување со ризик<br>Преглед на известувањето за резултатите во животната средина, придонесот кон општеството и корпоративното управување (ESG): Фокус области: Декарбонизација и дигитализација, Работно опкружување што овозможува раст, Позитивно локално влијание, Одговорни набавки Добро управување, транспарентност и деловна етика<br>ESG известување: Табели 2.1.1, 2.3.1. и дополнителната табела за Наоѓалиштата на рудници од Групацијата ТИТАН со висока вредност во однос на биодиверзитетот, исто така Табелите 2.4.1, 2.5.2, 2.5.3. |
| | E7: Инвестиции во истражување и развој на нискојаглеродни производи и услуги<br>E8: Климатска адаптација<br>E9: Обновлива енергија<br>E10: Нискојаглеродни производи/услуги<br>E11: Исцрпување и потрошувачка на водата<br>E12: Интензитет на водата<br>E13: Локации во или во непосредна близина на клучните области на биолошката разновидност (биодиверзит)<br>E15: Обнова и заштита на екосистемот<br>E20: Практични активности<br>E: Сектор (градежништво и материјали) | 7,8,9 | |
| Антикорупција | AC1 Програма за усогласеност<br>AC1.1 Година на преглед на програмата<br>AC2 Политика<br>AC3 Обука<br>AC3.1 Зачестеност на обуката<br>AC4 Следење на усогласеноста<br>AC5 Инциденти на корупција<br>AC6 Мерки за справување со сомнителни инциденти на корупција<br>AC7 Колективно дејствие против корупција<br>AC8 Практични активности | 10 | За Групацијата ТИТАН<br>Клучни показатели за работењето<br>Извештај за корпоративно управување<br>Корпоративно управување и управување со ризик<br>Преглед на известувањето за резултатите во животната средина, придонесот кон општеството и корпоративното управување (ESG): Добро управување, транспарентност и деловна етика<br>ESG известување: Табели 2.5.1, 2.5.3-2.5.7, 2.5.9. |

## Забелешки

1. Поврзаноста меѓу „Прашањата“ во рамките на COP со специфична кодификација според различните области на Прашалникот и Десетте начела на UNGC се олеснува со референците во Извештајот (вклучувајќи го и ESG известувањето). За поврзувањето со Целите за одржлив развој, погледнете ги упатувањата во табелите 2.1, 2.2, 2.3, 2.4 и 2.5 од извештаите за резултатите во животната средина, придонесот кон општеството и корпоративното управување (ESG).
2. Во однос на областа на човековите права: ТИТАН не работи во или во близина на области на конфликт, според податоците на Програмата за податоци за конфликти во Упсала UCDP - видете ја веб-страницата: Програма за податоци за конфликти во Упсала (uu.se). Во 2022 година, ТИТАН имплементираше проект за валидација на постојната матрица на материјалност на ниво на секоја ДЕ (видете дел „Фокусирање на материјални прашања“), со кој се овозможи вклучување на раководството на ТИТАН во сите земји на работење и длабинска анализа на ниво на ДЕ во однос на човековите права и правата на домородните народи и можните конфликти поврзани со нив. Не се појавија или не се очекуваат прашања на конфликти во однос на горенаведеното. Ниту една нова информација за оваа тема не беше забележана во печатот/медиумите во ниту една од земјите на нашето работење. Не беа регистрирани инциденти во 2023 година во врска со затворање на локацијата или доцнење со проектите поради фактори од нетехничка природа, како што се оние кои произлегуваат од очекување на регулаторните дозволи или други политички доцнења поврзани со загриженост на заедницата, отпор или протест на заедницата или засегнатите страни и вооружен конфликт.

Забелешки за поврзаноста на KPI и другите објави со SASB Стандардите
- Во врска со горенаведената Белешка 4, ги покриваме барањата за известување во согласност со стандардите на SASB за две теми (области): „Безбедност, човекови права и права на домородните народи“ и поконкретно метриката (KPIs) EM-MM-210a .1, EM-MM-210a.2 и EM-MM-210a.3 и „Односи во заедницата“, поконкретно за метриката (KPI) EM-MM-210b.1 и EM-MM-210b.2, во врска со дискусијата за процесот за управување со ризиците и можностите поврзани со правата и интересите на заедницата.
- Во однос на темата (областа) „Бизнис етика и транспарентност“ и конкретно поврзаноста со метриката (KPI) EM-MM-510a.2, видете ја дополнителната Табела „Транспаренси Интернешнл - Индексот на перцепција на корупцијата за 2022 година“.

# Финансиски показатели за 2023

**И покрај околностите исполнети со предизвици, во однос на финансиските резултати, 2023-та беше позитивна година, со стабилизирана и позитивна побарувачка за цемент на домашниот пазар, како и на пазарите на кои извезуваме, споредено со нивоата од 2022 година.**

| Промет | EBITDA | Нето-добивка по оданочување |
|---|---|---|
| 2023: 6.051 милиони МКД | 2023: 1.910 милиони МКД | 2023: 1.509 милиони МКД |
| 2022: 6.250 милиони МКД | 2022: 1.364 милиони МКД | 2022: 1.029 милиони МКД |

| Капитални расходи | ROCE (Употребен капитал) | Добивка по акција |
|---|---|---|
| 2023: 563 милиони МКД | 2023: 39,19% | 2023: 2.677 МКД |
| 2022: 374 милиони МКД | 2022: 29,94% | 2022: 1.826 МКД |

Обем на продажба

| Цемент | Готов бетон | Агрегати |
|---|---|---|
| 2023: 881.603 тони | 2023: 43.633 $m^3$ | 2023: 50.662 тони |
| 2022: 925.137 тони | 2022: 36.153 $m^3$ | 2022: 62.191 тони |

# Извештај на независниот ревизор и финансиски извештаи



pwc

# Извештај на независниот ревизор

До Одборот на директори и Акционерите на Цементарница Усје АД Скопје

**Извештај за поединечните финансиски извештаи**

Ние извршивме ревизија на приложените поединечни финансиски извештаи на Цементарница Усје АД Скопје, кои што ги вклучуваат поединечниот извештај за финансиска состојба заклучно со 31 декември 2023 година, како и поединечниот извештај за сеопфатна добивка, поединечниот извештај за промени во главнината и поединечниот извештај за парични текови за годината којашто завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.

**Одговорност на раководството за поединечните финансиски извештаи**

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие поединечни финансиски извештаи во согласност со Сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето на поединечни финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

**Одговорност на ревизорот**

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие поединечни финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Стандардите за ревизија прифатени во Република Северна Македонија („Стандарди"). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали поединечните финансиски извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во поединечните финансиски извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на поединечните финансиски извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на поединечните финансиски извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на поединечните финансиски извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Бул. 8 септември, 16, Хипериум Бизнис Центар, 2 кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, Даночен број: МК4030008022586, Т: +389 2 3140 900, Ф: +389 2 3116 525, www.pwc.com/mk

pwc

**Мислење**

Според нашето мислење, поединечните финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Цементарница Усје АД Скопје заклучно со 31 декември 2023 година, како и нејзината финансиска успешност и нејзините парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со Сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

**Извештај за други правни и регулаторни барања**

Годишниот извештај е подготвен од страна на Раководството во согласност со барањата на Законот за трговски друштва, член 384.

Раководството е исто така одговорно за подготвувањето на поединечната годишна сметка и годишниот извештај на Цементарница Усје АД Скопје, кои се одобрени од Одборот на директори.

Според барањата на Законот за ревизија, известуваме дека историските информации прикажани во годишниот извештај подготвен од страна на Раководството на Цементарница Усје АД Скопје, во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва е конзистентен во сите материјални аспекти со финансиските информации прикажани во поединечната годишна сметка и ревидираните поединечни финансиски извештаи на Цементарница Усје АД Скопје, на крајот на и за годината која завршува на 31 декември 2023 година.

Драган Давитков
Управител

ДРУШТВО ЗА РЕВИЗОРСКИ УСЛУГИ ПРАЈСВОТЕРХАУСКУПЕРС РЕВИЗИЈА ДОО СКОПЈЕ

Драган Давитков
Овластен ревизор

ПрајсвотерхаусКуперс Ревизија ДОО Скопје

12 април 2024 година
Скопје, Република Северна Македонија

# ПОЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
**За годината што завршува на 31 декември 2023 година**

| | *Белешки* | *2023 МКД'000* | *2022 МКД'000* |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба | 3а | 6.002.805 | 6.124.359 |
| Останати приходи | 3б | 49.039 | 126.356 |
| Трошоци на продадени производи | 3в | (4.007.767) | (4.831.536) |
| **Бруто добивка** | | **2.044.077** | **1.419.179** |
| Останати оперативни приходи | 3г | 123.682 | 205.767 |
| Останати оперативни трошоци | 3д | (202.827) | (189.985) |
| Трошоци за продажба и маркетинг | | (32.748) | (41.313) |
| Административни трошоци | 3ѓ | (265.099) | (239.771) |
| **Добивка од оперативни активности** | | **1.667.085** | **1.153.877** |
| Приходи од финансирање | | 1.414 | 1.321 |
| Курсни разлики нето | | (1.918) | (27.958) |
| Трошоци од финансирање | | (20.439) | (22.683) |
| **Нето трошоци од финансирање** | 3е | **(20.943)** | **(49.320)** |
| **Добивка пред оданочување** | | **1.646.142** | **1.104.557** |
| Данок на добивка | 4 | (136.650) | (75.225) |
| **Добивка за годината** | | **1.509.492** | **1.029.332** |
| ***Останата сеопфатна добивка која не се рекласификува во билансот на успех во последователните периоди:*** | | | |
| Ревалоризационен вишок - Вложувања во недвижности | 8 | - | - |
| **Вкупно сеопфатна добивка за годината** | | **1.509.492** | **1.029.332** |
| **Добивка за годината распределна на:** | | | |
| Акционеркси капитал на матичната компанија | | 1.434.017 | 977.865 |
| Неконтролирачко учество | | 75.475 | 51.467 |
| | | **1.509.492** | **1.029.332** |
| *Заработувачка по акција* | | | |
| Основна заработувачка по акција која се однесува на имателите на акции на матичното друштво | 5 | 2,68 | 1,83 |
| **Вкупно сеопфатна добивка за годината распределна на:** | | | |
| Акционеркси капитал на матичната компанија | | 1.434.017 | 977.865 |
| Неконтролирачко учество | | 75.475 | 51.467 |
| | | **1.509.492** | **1.029.332** |

## Цементарница „УСЈЕ“ АД- Скопје

# ПОЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА
**за 31 декември 2023 година**

| | *Белешки* | *2023 МКД'000* | *2022 МКД'000* |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности. постројки и опрема | 6 | 3.102.974 | 2.782.745 |
| Нематеријални средства | 7 | 33.237 | 32.594 |
| Вложувања во недвижности | 8 | 280.640 | 276.172 |
| Вложувања во подружници | | 24.061 | 24.061 |
| Средства за истражување и вреднување | 9 | 1.220 | 1.220 |
| | | **3.442.132** | **3.116.792** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 10 | 1.439.983 | 1.771.655 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 11 | 473.978 | 623.590 |
| Побарување за данок на добивка | | - | 12.465 |
| Пари и парични средства | 12 | 1.054.159 | 155.711 |
| | | **2.968.120** | **2.563.421** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **6.410.252** | **5.680.213** |
| **КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Акционерски капитал | 13 | 1.747.730 | 1.747.730 |
| Премија | | 3.145 | 2.322 |
| Акумулирана добивка | | 1.509.492 | 1.029.332 |
| Останати резерви | 14 | 319.796 | 319.796 |
| Реинвестирана добивка | | 1.650.335 | 1.338.700 |
| | | **5.230.497** | **4.437.880** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни резервации за отпремнини | 15 | 55.273 | 54.055 |
| Резервација за ревитализација на рудниците | | 15.158 | 7.642 |
| | | **70.431** | **61.697** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 16 | 951.927 | 819.490 |
| Резервација за неискористен годишен одмор | | 9.738 | 6.233 |
| Тековен дел на долгорочни резервации за отпремнини | 15 | 3.743 | 3.174 |
| Обврска за данок на добивка | | 65.863 | 7.879 |
| Краткорочни заеми | 17 | 77.503 | 343.630 |
| Обврска за дивиденда | | 550 | 230 |
| | | **1.109.324** | **1.180.636** |
| **ВКУПЕН КАПИТАЛ И ОБВРСКИ** | | **6.410.252** | **5.680.213** |

*Потпишано од страна на овластени лица на Друштвото на 28 февруари 2024 година:*

Констатинос Николаоу
*ВД Главен извршен директор*

Барлакоска Габриела
*Финансов директор*

*Составувач, овластен сметководител со број на уверение 102613:*

Белешките од страна 8 до 51 се интегрален дел од овие поединечни финансиски извештаи

# ПОЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ
## За годината што завршува на 31 декември 2023 година

| | *Белешки* | *2023*<br>*МКД'000* | *2022*<br>*МКД'000* |
|---|---|---|---|
| *Парични текови од оперативни активности* | | | |
| Добивка пред оданочување | | **1.646.142** | **1.104.557** |
| *Исправки за:* | | | |
| Амортизација на НПО | | 243.183 | 210.983 |
| Актуарска загуба, нето | | 4.182 | 24 |
| Трошок за камата, пресметка на резервации за обврски за пензионирање | | 1.966 | 1.704 |
| Приход од камати | | (1.414) | (1.321) |
| Отпис на застарена залиха и корекција на истата | | 16.062 | 5.903 |
| Неискористени денови од годишен одмор (нето) | | 3.505 | 2.230 |
| (Добивки) / загуби од вреднување на вожувања во недвижности, нето | | (4.467) | (25.360) |
| Трошок за камати | | 18.473 | 13.747 |
| Отпис на застарени побарувања и исправка на вредноста | | 5.467 | 6.520 |
| Нето сегашна вредност на продадени и отпишани НПО | | 260 | 345 |
| **Оперативна добивка пред промени во оперативниот капитал** | | **1.933.359** | **1.319.332** |
| Намалување/(Зголемување) на побарувања од купувачи и останати побарувања | | 144.144 | (143.039) |
| Намалување/(Зголемување) на залихите | | 315.610 | (533.843) |
| Зголемување/(Намалување ) на обврски спрема добавувачи и останати обврски | | 136.157 | (484.330) |
| **Парични средства генерирани од оперативни активности** | | **2.529.270** | **158.120** |
| Платени камати | | (18.473) | (13.747) |
| Платен данок на добивка | | (66.199) | (70.475) |
| **Нето парични текови од оперативни активности** | | **2.444.598** | **73.898** |
| *Парични текови од инвестициони активности* | | | |
| Набавка на недвижности. постројки и опрема | | (564.319) | (374.365) |
| Зголемување/(намалување) на вложување во подружници | | - | 14.660 |
| Примања од продажба на НПО | | 260 | 345 |
| Примени приходи од камата | | 1.414 | 1.321 |
| **Нето парични текови искористени во инвестициони активности** | | **(562.645)** | **(358.039)** |
| *Парични текови од финансиски активности* | | | |
| Дивиденда платена на акционери во Групацијата | | (681.814) | (245.303) |
| Дивиденда платена на малцинските акционери | | (35.563) | (13.122) |
| Земени заеми | | 295.187 | 1.148.840 |
| Вратени заеми | | (561.315) | (805.209) |
| **Нето парични текови користени во финансиски активности** | | **(983.505)** | **85.206** |
| Нето намалување на пари и парични средства | | **898.448** | **(198.935)** |
| Пари и парични средства на 1 јануари | | 155.711 | 354.646 |
| **Пари и парични средства на 31 декември** | 12 | **1.054.159** | **155.711** |

**Цементарница „УСЈЕ“ АД- Скопје**

# ПОЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА

## За годината што завршува на 31 декември 2023

| | *Акционерски капитал МКД'000* | *Акционерска премија МКД'000* | *Акумулирана добивка МКД'000* | *Останати резерви (белешка 14) МКД'000* | *Реинвестирана добивка МКД'000* | *Вкупно МКД'000* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **На 1 јануари 2023 година** | **1.747.730** | **2.322** | **1.029.332** | **319.796** | **1.338.700** | **4.437.880** |
| Добивка за годината | - | - | 1.509.492 | - | - | 1.509.492 |
| Останата сеопфатна добивка (Белешка 8) | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупно сеопфатна добивка** | **-** | **-** | **1.509.492** | **-** | **-** | **1.509.492** |
| Објавени дивиденд. нето | - | - | (717.697) | - | - | (717.697) |
| Авансна дивиденда | - | - | - | - | - | - |
| Пренос на акумулирана добивка | - | - | 88.235 | - | (88.235) | - |
| Пренос од акумулирана добивка | - | - | (399.870) | - | 399.870 | - |
| Акционерски опции | - | 823 | - | - | - | 823 |
| **На 31 декември 2023 година** | **1.747.730** | **3.145** | **1.509.492** | **319.796** | **1.650.335** | **5.230.497** |

На 16 мај 2023 година, Собранието на акционери донесе Одлука за распределба на преостанатата дивиденда за 2022 година. Објавената дивиденда изнесува 717.697 илјади денари што се состои од 88.235 илјади денари добивка од 2021 година и 629.462 илјади денари добивка од 202. Преостаната добивка од 2022 година во износ од 399.870 илјади денари беше реинвестирана односно се искористи даночно потикнување за инвестициски вложувања на Друштвото.

## За годината што завршува на 31 декември 2022

| | *Акционерски капитал МКД'000* | *Акционерска премија МКД'000* | *Акумулирана добивка МКД'000* | *Останати резерви (белешка 14) МКД'000* | *Реинвестирана добивка МКД'000* | *Вкупно МКД'000* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **На 1 јануари 2022 година** | **1.747.730** | **1.122** | **491.134** | **319.796** | **1.105.778** | **3.665.560** |
| Добивка за годината | - | - | 1.029.332 | - | - | 1.029.332 |
| Останата сеопфатна добивка (Белешка 8) | - | - | - | | - | |
| **Вкупно сеопфатна добивка** | **-** | **-** | 1.029.332 | | - | 1.029.332 |
| Објавени дивиденд. нето | - | - | (258.213) | - | - | (258.213) |
| Авансна дивиденда | - | - | - | - | - | - |
| Пренос на акумулирана добивка | - | - | 216.886 | | (216.886) | - |
| Пренос од акумулирана добивка | - | - | (449.807) | - | 449.807 | - |
| Акционерски опции | - | 1.201 | - | - | - | 1.201 |
| **На 31 декември 2022 година** | **1.747.730** | **2.322** | **1.029.332** | **319.796** | **1.338.700** | **4.437.880** |

На 20 мај 2022 година, Собранието на акционери донесе Одлука за распределба на преостанатата дивиденда за 2021 година, по исплатата на авансна дивиденда за периодот 1 јануари - 30 јуни 2021 година согласно Законот за трговски друштва. Објавената дивиденда изнесува 708.020 илјади денари што се состои од 41.327 илјади денари добивка од 2021 година, 216.886 илјади денари неискористена реинвестирана добивка од 2016 година и преостаната добивка од 2021 година во износ од 449.807 илјади денари која беше реинвестирана односно се искористи даночно потикнување за инвестициски вложувања на Друштвото.

# Поимник

| | |
|---|---|
| Вкупно средства | Збирот на сите тековни и нетековни средства. |
| Обрт | Приходи остварени од продажба на добра и услуги на клиенти. |
| Добивка пред одбивање камата, даноци, депрецијација и амортизација (EBITDA) | Оперативната добивка пред загубите поради девалвација на гудвил плус амортизација и намалување на материјалните и на нематеријалните средства и амортизација на државни грантови. Обезбедува мерка за оперативната профитабилност што конзистентно може да се споредува меѓу сегментите за кои се известува. |
| Материјалност | Прашањето е материјално ако е од релевантност и важност или значење што би можело суштински да влијае врз процените на давателите на финансиски капитал во однос на способноста на организацијата да создава краткорочна, среднорочна и долгорочна вредност. |
| Одбор за сметководствени стандарди за одржливост (SASB) | Одборот за сметководствени стандарди за одржливост е независен одбор за стандарди, кој е одговорен за редовните законски постапки, резултати и ратификација на своите стандарди, чијашто примена (мисијата на SASB) е да им помогне на бизнисите во целиот свет да препознаваат, да управуваат и да известуваат за теми на одржливост што имаат најголемо значење за нивните инвеститори. |
| Цели за одржлив развој (ЦОР/SDGs) | Целите за одржлив развој се збир од 17 глобални цели изготвени да бидат „план за постигнување подобра и поодржлива иднина за сите“. ЦОР, утврдени во 2015 година од Генералното собрание на Обединетите нации и наменети да се постигнат до 2030 година, се дел од Резолуцијата 70/1 на ОН, агендата за 2030 година. |
| Конференција на Обединетите нации за трговија и развој (UNCTAD) | Конференцијата на Обединетите нации за трговија и развој е тело на Обединетите нации одговорно за справување со прашањата за економскиот и одржливиот развој, со фокус на трговијата, финансиите, инвестициите и технологијата, особено за да им се помогне на земјите во развој правично да бидат застапени во глобалната економија. |
| Глобален договор на Обединетите нации (UNGC) | Глобалниот договор на Обединетите нации е доброволна иницијатива заснована на обврските на извршниот директор за спроведување на универзалните начела за одржливост („Десетте начела“) и преземање чекори за поддршка на целите на ОН. „Десетте начела“ се изведени од Универзалната декларација за човекови права, Декларацијата на Меѓународната организација на трудот за основните начела и права за заштита при работа, Декларацијата од Рио за животна средина и развој и Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата. |
| Глобална асоцијација за цемент и бетон (GCCA) | Глобалната асоцијација за цемент и бетон е иницијатива воспоставена во 2018 година на ниво на индустријата и е раководена од главни извршни директори, претставувајќи го секторот во глобални рамки. GCCA ја презема улогата на поранешната Иницијатива за одржливост на цементот (CSI) на WBCSD и почнувајќи од 1 јануари 2019, ги спроведува работните програми и активностите за одржлив развој на CSI, при што клучни цели се развој и зајакнување на придонесот на секторот кон одржлива градба во линија на синџирот на вредности, како и поттик на иновации во соработка со индустријата, здруженијата и клучни експерти – засегнати страни. |
| Светски деловен совет за одржлив развој (WBCSD) | Светскиот деловен совет за одржлив развој е глобална организација предводена од извршниот директор на повеќе од 200 водечки бизниси што работат заедно во насока на забрзување на транзицијата кон одржлив свет, помагајќи им на компаниите членки да станат поуспешни и поодржливи, фокусирајќи се на максималното позитивно влијание за засегнатите страни, животната средина и општествата.<br>Иницијативата за одржливост на цементот (CSI) беше Проект во рамките на WBCSD од 2002 до 2018 година и имаше улога на иницијатива за соработка на цементните компании, поддржувајќи ги заедничките напори за одржливост на секторот за цемент. Областите и проектите на CSI беа трансферирани во GCCA почнувајќи од 1 јануари 2019. |
| Смртност | Смртност како резултат на несреќа поврзана со работното место, без временско ограничување помеѓу датумот на несреќата и датумот на смртта. |
| Стапка на смртност | Број смртни случаи во една година на 10.000 директно вработени лица, т.е. стапка на смртност (директно вработени) = (Број смртни случаи во една година (директно вработени) x 10.000/ Број директно вработен кадар). |
| Изгубено време поради повреда на работно место (LTI) | Повреда поврзана со работа што предизвикува загуба во еден или во повеќе работни денови (или смени), сметајќи од денот по повредата, пред лицето да се врати на нормална или на ограничена работа. Се исклучуваат и се изземаат повредите настанати при патувањето до и од работното место, кои произлегуваат од кривични дела и кои настануваат поради природни причини. |
| Стапка на зачестеност на повреди со изгубено време (LTIFR) | Број LTI во една година на 1.000.000 одработени часови, т.е. LTI Стапка на зачестеност = (Број повреди со изгубено време во годината x 1.000.000)/Вкупен број продуктивни работни часови исплатени на вработените во годината. |
| CoP (Комуникација за напредок) | Комуникацијата за напредок е еден вид механизам за информирање, при што во стандардизиран формат на годишен извештај, засегнатите страни на компаниите (на пример, инвеститорите, потрошувачите, граѓанското општество и владите) известуваат за напредокот постигнат во спроведувањето на Десетте начела на Глобалниот договор на Обединетите нации. |

**Цементарница УСЈЕ АД Скопје**
ул. Борис Трајковски бр.94
1000 Скопје
Тел: +389 (2) 2782 500
**www.usje.mk**

TITAN
USJE